СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**VI ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25 МАЈ 1994 ГОДИНА**

Т.4 Избор на судии на Управниот суд на РМ


1. АНДОВ СТОЈАН стр.72
2. АРСОВ ДРАГИ – 10
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 56
4. БОШКОВ ЈОРДАН - 10, 58, 61, 70
5. ГОШЕВ ПЕТАР - 20
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 26, 31
7. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 32
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 39, 42, 46, 47
9. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО - 57, 58
10. КИРОВ ТАШКО - 21
11. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 51, 54
12. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 56
13. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 19
14. МИНОВ ПАНЧЕ - 36, 41
15. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 65
16. ПЕТРОВ ТОДОР - 6, 7, 14
17. ПОПОВСКИ КИРО - 13, 15
18. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР - 42
19. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 48, 50
20. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 69
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 2, 3, 4, 71
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 16, 59, 61
23. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 23, 62
24. СПИРОВСКИ АЦО - 34


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 мај 1994 година

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците да седнат на своите места. Бидејќи нема доволен број пратеници, ги молам координаторите на пратеничките групи да обезбедат доволен број на пратеници.

Следното броење и утврдување на точниот број и утврдување дали можеме да работиме ќе биде во 13,00 часот.

(По договорот седницата продолжи со работа во 13,15 часот) Пратеникот Божо Рајчевски, не извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **4-та точка**.

Предлагам по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од 10 минути, а координаторите на пратеничките групи во траеше до 15 минути.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака?

За гласаа 58 пратеници.

Дали е некој против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не) Значи некој не гласал.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Господин Стефковски, бара збор, веројатно е деловничка интервенција.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Нема да коментирам дали предлогот е усвоен, останува сомнението бидејќи 58 се за, 2 воздржани, тоа се 60, а треба 61. Би требало, логично поединечно гласање. Меѓутоа, не излегов за тоа.

Излегов да побарам пауза од 1 час бидејќи Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ има разговор со претставници од Мисијата на ЌЕБС господинот Муласевич и Андерсон, па барам пауза од еден час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

(Реакција на дел од пратениците во салата)

Добро, ние знаеме што е, меѓутоа, не можеме да одбиеме барање со наведена причина во овој случај, на пауза, притоа да се одлучиме да работиме без претставници на најголемата опозиција, со наведена причина, ве молам, по прашање како што е за Уставниот суд.

Ве молам, еден час пауза.

Седницата ќе започни со работа во 14,30 часот.

Ве молам и пратениците од опозицијата да соработуваат во оваа важна задача, која треба Собранието да ја обави.

(Паузата започна во 13,25 часот)

(По паузата седницата започна со работа во 15,05 часот)

Ве известувам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ побара дополнително уште половина час после 14,30, значи до 15,00 часот. Сега треба да се собереме и да продолжиме со работа.

Да утврдиме точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи имаме доволен број пратеници, продолжуваме со работа.

I/3

Ве молам, да причекаме уште едно известие, бидејќи пратеничката група бараше до 15,0 0 часот, да видиме дали им треба уште една или две минути или да работиме.

(Реакција на пратениците во салата)

Во ред, еве го координаторот на пратеничката група, молам, молам.

Продолжуваме со работа.

Пратеникот Божо Рајчевски ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на 4-та точка.

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш.

(Реакции на пратениците во салата)

Гласавме ли за ова? (Да)

Минуваме на **4-та точка** - Избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлозите за избор на судии на Уставниот суд на РМ поднесен од претседателот на Републиката, Републичкиот судски совет и Комисијата за прашања на изборите и именувањата Ви се доставени односно поделнеи.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, паузата што ја побарав пред да почне оваа седница беше поради одржување разговори со претставници на Мисијата на ЌЕБС во РМ и тема на разговор беше токму прашањата што се ставени на дневен ред денеска на седницата.

I/4

Во однос на прашањето за избор на судии на Уставниот суд на РМ укажавме на фактот дека изборот на судиите на Уставниот суд на РМ се врши на препад, би рекол, се врши без било какви критериуми за компетентноста на личноста. Во основа не се поставува прашањето кои се личностите или поименично, туку во основа се поставува прашањето дали на Република Македонија во овој момент и е потребен таков профил на судии. Едно треба да биде јасно дека за да бидеш судија на Уставен суд треба сепак да се исполнуваат одредени квалитети, квалитети кои што значат круна на завршетокот на каритерата на судиите во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, вие во расправата ли учествувате.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Во расправата учествувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во ред, добро.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Дека тоа треба да биде круна, една завршница, финале на кариерата на судиите што го познаваат правото и правниот систем на РМ што се вели во малиот прст. Оттука се стекнува и факт е дека за судии се предложени фактички некомпетентни личности кои што не даваат и гаранција дека со нивниот избор ќе се оствари самата функција на Уставниот суд.

Сакам да укажам и на една друга околност, а тоа е дека пак се обидуваме и го враќаме стариот систем дека во составот на Републичкиот судски совет, односно се извинувам во Уставниот суд на Република Македонија се враќаат клучевите по националност. Оттука и по таа основа се руши уставниот принцип за еднаквоста на граѓаните на РМ.

Уставниот суд на Република Македонија се конституира во време на изборна година и јасно е дека во овој Уставен суд кој што го застапуваат претставници на партиите од РМ во основа ќе се штити она што се случува во остварувањето на законодавната функција на Собранието на Републиката и оценката на предлозите, да речам на Владата на РМ. Ако составот на Уставниот суд е обоен партиски, јасно е дека не ќе може да одговори на основната функција, а тоа е оценка на уставноста на прописите кој што ќе ги носи овој Парламент, а фактички предлагачи ќе се јавуваат токму партиите односно коалицијата која што ги предлага и чии што претставници се во Уставниот суд.

Со други зборови ако овој суд, постојниот, Уставниот суд најде за сходно и покрене постапка во повеќето случаи каде што не беше исушено мастилото на законите кои што ги усвојуваше овој Парламент и каде што веднаш се покренуваше постапка за неусогласеноста на одредени одредби со Уставот, јасно е дека не дава составот на овој Уставен суд гаранција дека во иднина така ќе се постапува со оглед ка карактерот и составот на судиите на Уставниот суд.

Оттука, цениме дека за да се прифати еден ваков состав на Уставниот суд без да се утврдат одредени критериуми кој што ќе даваат карактер на гаранција на квалитетот и на сигурноста на највисокото судско тело, да речам уставно тело по категорија, за нас е неприфатливо Критериумите мора да бидат испочитувани и да претходни еден договор меѓу позицијата и опозицијата за личностите кои што треба да бидат судии на Уставниот суд.

Во спротивно, може да се каже, дека ова што се предлага како судии на Уставниот суд нема потреба од критериуми, основниот критериум во овој Парламент ќе биде 61 глас и ништо повеќе. Ние ова г го почитуваме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Мојот предлог во однос ан точката на дневен ред е Собранието да го одложи разгледувањето на Предлог - одлуката заради тоа што по мое лично мислење не се почитувани прописите кои ја утврдуваат постапката за предлагање и избор на судии на Уставниот суд.

Ова мое мислење го образложувам од следните причини:

Прво, имаме еден крајно потценувачки однос од овластените предлагачи утврдени со Уставот заради тоа што за време на расправата и претресот по нивните предлози не се присутни во ова Собрание.

Второ, иако ви велиме постапката е некако регулирана со Законот за Републичкиот судски совет, изборот се наметнува на членовите на Уставниот суд односно на уставните судии без никакви критериуми. Барем за нив ова Собрание немаше можност да расправа и да се запознае. Ние знаеме и сведоци сме дека во Републичкиот судски совет се водат одделни активности за утврдување и донесување критериуми за избор на судии во судовите на РМ и знаеме какви дилеми, расправи предизвикуваат тие прашања оформени во соодветни акти што ги подготвува Републичкиот судски совет.

II/1.-JM/МЛ

**ТОДОР ПЕТРОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Меѓутоа, што се однесува до изборот на судиите на Уставниот суд ние немаме никакви критериуми. Потоа, рокот кој што е утврден и со Уставниот закон за спроведувањето на Уставот е поминат, меѓутоа за избор на судии во Уставниот суд не по вина на овој Парламент, или на пратениците од едноставна причина како показател што иако рокот последен за избор на судии во Уставниот суд беше 4 мај 1993 година. Оваа 75-та седница со решение на претседателот на Собранието е закажана дури за ,5 мај, а почна на 10 мај о.г., а предлогот од претседателот на Републиката пристигна во собраниските клупи пред пратениците дури на 13 мај о.г. Зошто предлогот од овластените предлагачи не ми дава можност да се изјаснам позитивно. Изгледа ние не избираме Уставен суд на Република Македонија, туку Уставен суд на актуелната Влада на Република Македонија.

Во членот 36 од Законот за Републички судски совет овој Парламент децидно го пропишал начинот и постапката за предлагање на кандидати за судии во Уставниот суд. Јас ќе го искористам правото да го цитирам: "Советот од редот на истакнатите правници со оценка на нивните вкупни резултати во работата и придонесот за развојот на стручната и теоретската мисла и на правниот систем на Собранието на РМ му предлага двајца кандидати за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија. Предлогот од ставот 1 на овој член Советот го утврдува со 2/3 мнозинство на начин и постапка определени со Деловникот за работа на Советот".

Републичкиот судски совет донесе Деловник за работа на Републичкиот судски совет на првата негова конститутивна седница ржана на 4 февруари о.г. и во Деловникот во глава III точка 5 член 25 во врска со изборот, односно предлагањето кандидати за судии во

Уставниот суд го утврдил следното: "Советот од редот на истакнатите правници со оценка на нивните вкупни резултати во работата и придонесот за развојот на стручната и теоретската мисла и на правниот систем на Собранието на Република Македонија му предлага двајца кандидати за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија. Советот предлогот од ставот 1 на овој член го утврдува врз основа на сопствени сознанија и прибавени мислења од Уставниот суд, Врховниот суд, Правниот факултет и соодветните здруженија на правниците". На некој начин ова Собрание со донесувањето на Законот за републичкиот судски совет ја пропишал постапката и начинот на утврдувањето кандидати за судии во Уставниот суд. Што се однесува до предлогот на двајцата кандидати од Републичкиот судски совет верувам дека се придржувале во постапката и во поопширното образложение што ни е дадено, дадена е оценка за нивната работа за овие двајца кандидати што се предложени. Меѓутоа, не ми е барем досега познато дали во врска со ваквиот утврден начин и постапка се придржувале членовите на Комисијата за избори и именувања, или работеле по системот "јас на тебе, ти на мене" од една страна, а од друга страна дали во однос на оваа пропишана постапка и начин се придржувал и претседателот на Републиката, заради тоа што за разлика од предлогот на членовите на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија предлогот од претседателот пристигна само на еден лист хартија на кој се напишани имињата на двајцата кандидати без никаква оценка за нивната досегашна работа, за нивните вкупни резултати во работата, за придонесот,за развојот на стручната и теоретската мисла и на правниот систем, без соодветни мислења од Уставниот суд, од Врховниот суд на Република Македонија, од Правниот факултет и соодветните здруженија на правниците, па ако сакате и од Адвокатската комора на Македонија која што има утврдени јавни

овластувања регулирани со уставот на Република Македонија. Имајќи го предвид сето ова кажано, сметам дека пред пратениците не се наоѓа соодветен предлог кој би бил во соодноc со пропишаниот начин и постапка, туку дека се работи за една кадровска комбинаторика поврзана со прераспределба на други одговорни функции во државата помеѓу коалиционите партнери што не ми дава право да дадам позитивен одговор, односно да гласам позитивно со предложениот состав на уставните судии во Уставниот суд на Република Македонија. Пред се заради тоа што одговорностите на Уставниот суд се многу големи регулирани со членот 110 од Уставот на Република Македонија, имајќи предвид дека одлучува за согласноста на законите со Уставот, за согласноста на другите прописи и на колективните договори со Уставот, ги штити слободите и правата на човекот и граѓанинот, решава за судир на надлежности меѓу носителите на законодавната, извршната и судската власт, решава за судир на надлежностите меѓу органите на Републиката и единиците на локалната самоуправа, одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката, одлучува за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженијата на граѓаните и за други прашања утврдени со Уставот. Од сите овие искажани мои лични размислувања сметам дека и од страна на овластените предлагачи, двајцата што не се присутни, а претседателот би требало да го обезбеди нивното присуство или да ги повика е потценет овој Парламент, ако никој друг барем опозицијата, затоа што ниту воопшто не беше консултирана во однос на утврдувањето на предлозите на кандидатите за судии на Уставниот суд. Сметам дека овој состав што е предложен не ги задоволува начинот и постапката пропишани со Законот за републичкиот судски совет и не ни дава право да ги усвоиме. Имајќи го ова во предвид, му предлагам на Собранието да го одложи претресот, а овластените предлагачи со соодветните

мислења, оценки кои ќе им ги понудат на пратениците во Собранието да ја запазат постапката утврдена со Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Јордан Бошков има процедурална забелешка.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас сакам само малку да се осигурам околу тоа дали изнесен предлог во дискусијата ќе биде поставен на гласање, бидејќи претходниот дискутант даде еден свој предлог, свое бидување како да тече понатаму ова прашање и сакам да знам дали тоа ќе биде така третирано.

Второ Мое прашање е со оглед на тоа дека Одлуката за ограничување на дискусијата е донесена со недоволен број на гласови веррјатно таа и не стои и не постои. Ја сакам да знам дали во текот на оваа дебата по оваа точка ќе биде практикувано такво ограничување?

**СТОЈАН АНДОВ:**

За ограничување на дискусијата Собранието донесе одлука. А за предлози, има многу предлози и ќе има разни предлози во текот на расправата која сега ја водиме. Тие предлози не се ставаат на изјаснување, туку секој при гласањето ќе си се определи според тоа каков бил односот на предлозите кои се дадени.

Дали некој друг бара збор?

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дозволете ми по повод оваа одлука за избор на судии на Уставниот суд на РМ да ве

II/5.-

потсетам дека предлогот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата немаше поддршка кај членовите на опозицијата посебно нема поддршка од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Со оваа одлука не се почитуваат начелните уставни одредби, не се предлага на начин на кој треба да се изберат уставните судии. На тој начин се повредува начелото на политичката волја која не се изразува како што треба да биде изразена за донесувањето на оваа одлука, не одговара на принципите што ги налага повеќепартискиот систем за кој сме се определиле, не се почитува процедурата за избор и именувања, наспроти сите укажувања да се спречи непартиското наметнување на кандидатите, се прави спротивното, се нуди партиски определен состав и притоа не се уважува ниту еден аргумент од опозицијата, нема партиски консултации кои што требаше да ги има при конституирањето на еден ваков значаен орган како што е Уставниот суд на Република Македонија. Не сакам да ги спомнувам значајните новини кои со Уставот на Република Македонија се вградени во уставното судство, тоа се значајни нови елементи на правниот систем, ги нагласувам не само за потребата за заштита на уставните права и слободи на човекот и граѓанинот и за највисоката одговорна задача што ја има Уставниот суд на Република Македонија, туку заради многу новини што се предвидени според Уставот. Тој суд одлучува за одговорноста на претседателот на Републиката член 10, алинеја 6 во случаите кога ќе го повреди Уставот. Со одлука на Уставниот суд може да му престане функцијата на претседателот ако се утврди неговата одговорност. На Уставниот суд му е доверена грижата над владеењето на правото и демократскиот повеќепартиски систем, надлежен е за уставноста на програмите и статутите на политичките партии и здруженија на граѓаните, го штити секое насилно уривање и загрозување на уставниот поредок на

државата. Не сакам сите овие новини да ги спомнувам, надлежноста на Уставниот суд, грижата за усогласување на законите и другите прописи со Уставот, решавање на судирите меѓу законодавната, извршната и судската власт, само е во општ интерес за заштита на уставниот поредок на Република Македонија, се разбира доколку ние го избереме овој Уставен суд со почитување на демократските начела и принципи. Од тие причини не треба да ја запоставиме силата на аргументите. Државата не е само на позицијата, дел од државата е и опозицијата. Ќе покажеме дека Уставниот суд е доказ за поставувањето на вистинската правна држава и дека е највисока институција на државата доколку сме спремни во таа институција на државата да учествува со свои предлози и кандидати подеднакво како позицијата, така и опозицијата. Тоа е доказот за постоење на правната држава. Ако уставното судство претставува највисок степен на развојот на демократијата, ако суди и на извршната и на судската и на законодавната власт, ако стои над целокупната државна власт и ги штити највисоките вредности на уставниот поредок и правната држава, тогаш да не дозволиме при изборот на Уставниот суд да го рушиме постоењето на правната држава. Да не дозволиме девалвирање на највисоките задачи што Уставот им ги доверува само на најдобрите меѓу одбраните и истакнати правници. Неприфатливо е непочитувањето на роковите за избор на судии од три месеци по конституирањето на Републичкиот судски совет. Тоа не е најдобра гаранција дека ќе се почитува зборот "правда". Насилнички предложениот состав на Уставниот суд само од позицијата не е во духот на уставното судство и на изборот на највисоката чест за еден судија. Нема успешно уставно судство ако не се почитува она што со Уставот се доверува на Уставниот суд на Република Македонија, ако некој се стави над Уставот, тоа за нас е неприфатливо и од тие причини неприфатлива е и вака понудената одлука за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.

II/7.-

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Пратеникот Тодор Петров има процедурална забелешка.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас предлагам претседавачот да ја прекине седницата додека не се обезбеди присуството на овластените предлагачи, претседателот на Републиката и претставник од Републичкиот судски совет. За мене ова е крајно потценувачки однос на овие овластени предлагачи, имајќи во предвид дека ако претседателот го потценува овој Парламент, барем не треба да го потцени составот на оние што се предложени за Уставниот суд заради тоа што ако ништо други Уставниот суд ја утврдува и одговорноста на претседателот на Републиката. Бидејќи немаме никакво образложение за тие двајца кандидати што тој ги предложил како овластен предлагач, предлагам претседателот да го обезбеди присуството на претставниците на овие двајца овластени предлагачи.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Не се работи за закон каде што овластениот предлагач треба да биде присутен и каде е можно да се поставуваат и соодветни амандмани и тие да се произнесуваат дали ги прифаќаат, или не ги прифаќаат. По Уставот и Законот тие се овластени да дадат свои предлози, а ова Собрание дали ги прифаќа, или не. Според тоа, Собранието одлучува. Нема потреба предлагачите да бидат тука, бидејќи не се работи за закон, па по амандмани да се произнесуваат.

Дали некој друг бара збор?

Тодор Петров бара збор.

Вие добивте збор. Ако не сте задоволни, вие со гласањето ќе се произнесете.

Дали некој друг бара збор?

Собранието донесе одлука за ограничување на дискусијата. Вие зборувавте во два наврата и како дискусија и имавте и процедурална забелешка. Ако не сте задоволни од одговорот, можеме одговорот да го ставиме на гласање.

Тодор Петров има процедурална забелешка.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Прво, претседавачот на седницата да си го прочита членот 105: "Пратеник кој сака да говори за повредна на Деловникот, или за повреда на утврдениот ред, претседателот ќе му даде збор штом тој ќе го побара. Говорот на овој пратеник не може да трае подолго од пет минути. Тој мој говор не траеше повеќе од пет минути. По тој говор претседателот е должен да даде објаснение и господинот Поповски даде објаснение. Ако пратеникот не биде задоволен од даденото објаснение за прашањето се решава на седницата без претрес. Имајќи предвид дека имам право според Деловникот да изразам задоволство или незадоволство од објаснувањето што го даде претседателот, го користам деловничкото право да укажам дека не сум задоволен од одговорот заради тоа што не се работи можеби за закон, меѓутоа се работи за Уставен суд кој цени согласност на сите закони што овој Парламент ги носи. И затоа овластените предлагачи мора да бидат присутни. Бидејќи не бев задоволен од одговорот на претседавачот со седницата, барам Собранието да се изјасни со гласање овие претставници на овие двајца

овластени предлагачи да бидат присутни. Како ќе реши Собранието, негово право е.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Точно е дека тоа е право на незадоволниот пратеник од одговорот и мислам дека може, по Деловникот Собранието. треба по неговото барање да се произнесе. Пред да се произнесеме само сакам да потсетам дека ова Собрание не може претседателот на Републиката да го принуди по Деловник, или по Устав да присуствува на седница.

Молам Кој е за предлогот на пратеникот Тодор Петров, да крене рака? (31 пратеник).

Има инсистирање целото гласање да биде завршено.

Кој е против? (54 пратеници). Кој е воздржан? (1 пратеник).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој бара збор да учествува ва дискусијата?

Има збор господинот Томислав Стојановски.

III/1.- СС/ЉР

**ТОМСИЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, сфатете дека оваа точка е и те како сериозна точка на дневен ред и од нас ќе зависи кој од предложените кандидати ќе избереме за судии на Уставниот суд да ја извршуваа оваа функција, на институција што е решена со Уставот.

Јас не сакам повторно да вршам анализа на личностите предложени за тоа дали ги исполнуваат условите да бидат носители на оваа функција или не. Говорам прв пат за сериозноста на Предлогот, па дури тогаш ако имам свои забелешки, сепак во рамките на дозволеното време, ние ќе бираме луѓе на 9 години а за нив ќе имаме право да дискутираме 7 минути, а ќе бираме 9 души, гледате колку е сериозна работата.

Ако не друго, од предложениот материјал, освен името и звањето со семејно име и нешто од функциите кои ги извршувале овие личности друго не гледам. Основно што треба да се види, да видиме од кого потекнуваат овие луѓе. Го нема следниот податок, го нема средното име од кој. Може да се случи физички јас да има претстава дека физички ова име и презиме се однесува за друга личност од она што јас го знам како личност физички сврзувано со исто име и презиме со средно име. Што значи мени ми е ускратено целосното право да се запознам со идентитетот на личностите што се предлагаат за судии на Уставниот суд.

Ова, навистина, некому е смешно и така треба да биде, дека е смешна работа. Се бираат судии кои ќе наоѓаат недостатоци во работата на законодавната власт, а законодавната власт што ги избира не знае кои се. Тие нема да имаат задача да се смеат на нашата работа, туку да наоѓаат недостатоци, а ние ќе се смееме при избор на нивната личност?!

III/2.-

За што ова говори? Ова говори дека нашата работа денеска не е сериозна. Ние немаме намера денеска да избереме стручњаци кои ќе ја претставуваат уставната функции,а туку ќе избираме личности кои ги познаваат одредена групација, за нив се доволни и ќе ги извршуваат партиските задачи.

Еве зошто ова го велам! Првиот од Предлогот на Комисијата д-р Стојмир Михајловски, вели научен советник директор на Институт за социолошки, политички и правни истражувања. Понатаму, кога појдов да барам, што овој мој колега со титула доктор работел, освен научно социолошко -политички истражувања ние не можеме да утврдиме како тој ќе го интерпретира правото за тоа што нема правна гаранција преку примена на пработо во претходниот свој живот. Во Уставниот суд ќе се. бираат личности кои се докажани правници во примена на правото. Ако бараме примена на правото тогаш Комисијата морала да не увери, јас г-динот ниту го знам кој е, ниту можам да кажам нешто за неговата личност поинаку, ова го кажувам само како пример.

А, дали и оваа работа сега не ни говори - па, ние е битно, своевремено кога бараа да ги вработат, примиго ова дете на работа - нема што да работи - не те терам да работи, да зема плата. Ако не знае, ќе се научи* Господа, ние не смееме да дозволиме во Уставниот суд да се учи што ќе работи. Уставниот суд веднаш ќе применува и ќе наоѓа недостаток во работата на законодавното тело.

Понатаму, не знам кој е по личност и што е господинот Бесим Селими. Ако еден човек кој поред описот овде е судија на Општински суд ни помалку ни повеќе 30 и повеќе години а неговото унапредување почнало од Општински суд и денеска 4-5 години пред пензија дошол до Општински суд, тогаш оваков скок да се направи од Општински во

III/3.-

Уставен суд, тоа би била аномалија што не може да се прифати.

(дофрлување од мето - Тој не е адвокат)

Па, во тоа е и недостатокот. Кој знае и ја цени демократијата и цивилизацијата, таму каде биле адвокатите и каде адвокатите се на власт има демократија и цивилизација. Таму каде ги нема, тешко е. Затоа доаѓаат вакви приговори.

Господа, не ми е јасно зошто и како дошло до вакво унапредување. Сега прашувам дали Уставниот суд ќе се прави со заслужени правници кои имаме свое минато, упразнувале право или ќе се примени клучот што беше обележје на едно минато. Многу пратеници овде говореа - тоа го правеа тие и тие, јас тоа не го прифаќам. Беше поранешната комунистичка власт. Сега, таа иста коалиција пак се врака на генијалниот клуч. Ако тие исти луѓе овде наоѓаа недостатоци на системот на клуч, како се га- го избраа како правило за живот И, без поблиско запознавање, ајс би го поддржал предлогот на г-динот Петров оваа точка од дневниот ред да се симне и се даде можност при подготовка на избор на стручни лица, независни лица да можат не од коалиција или опозиција да дојдат македонци и граѓани на РМ кои ќе ја вршат функцијата судија на Уставниот суд и ќе имаат сили без обврска за предлогот што е избран таму да каже дали еден закон, еден правилник една одлука на Владата во текот на извршување на законот е валидна или невалидна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара г-ѓа Марковска

III/4.-

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, членот 108 до нашиот Устатава е дециден и вели, цитирам "Уставниот суд е орган на РМ кој ја штити уставноста и законитоста".

Секоја една држава која претендира да биде правна држава а тоа претендира и наша Република Македонија веројатно овој коректив што треба да ја обезбеди уставноста и законитоста на сите прописи и на сите закони што се носат во РМ ќе изгледа како орган што претставува најважна карика во обезбедувањето на третиот елемент на власта односно на судството.

Според мене, беше нормално пред изборот на Уставниот суд да претходи една поширока постапка на преиспитување на сите кадри што ги имаме во судството а такви има многу и има доста изградени луѓе кои поминале цел животен и работен век во судството, се со цел да се обезбедат стручни луѓе кои ќе можат во оваа институција да го дадат својот најголем придонес, бидејќи сме во период кога еве, ја градиме државата.

Во тој период во едно имието или на нашиот социјализам што сите сега, во плурализмот го напаѓаме, ако не друго беше задоволена формата, односно до сите инстанци вклучени во судството, мислам на повисоките судски инстанци, на повисоките судови, на судските асоцијации, беше овозможено ако не друго барем преку една поширока расправа да достават предлози до Собранието и истите да бидат вклучени во постапка.

Сега, во период на нашето, да го кажам многу ми е и плурализам, меѓутоа за жал изгледа дека не е така, дури оваа постапка на задоволување на добрата форма за жал не беше обезбедена.

III/5.-

Што се случи на Комисијата за избори и именување? Се случи секој еден партиски кандидат ја добие поддршката на сите други присутни членови по партиска коалициона припадност без за тоа да се има дури претходна некаква биографија што ќе биде гарант за неговите квалификативи, односно за се она што практично работел тој судија пред да биде преложен во Уставниот суд.

токму заради тоа, ова создава резерва не само кај нас присутните во (Собранието, веројатно и кај сите оние кои го следат развојот на оваа млада демократска држава, каков ќе биде стручниот потенцијал на предложените кандидати и адекватно на тоа какво ќе биде мерилото на сите оние кои ќе можат да ја следат уставноста и законитоста на РМ. Токму тоа создава резерви кај сите нас, вклучени овде да не дадеме поддршка на кандидатите, не зборувајќи поединечно.

Можеби меѓу нив има и квалитети, меѓутоа тие квалитети не беше овозможено во една нормална конкуренција, преку поголем број кандидати да се дојде до нив, се со цел да се избере подобар уставен суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара г-дин Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:.**

Почитувани пратеници, само неколку збора заради тоа што прашањето е многу важно, меѓутоа само неколку збора, заради тоа што Одлуката е донесена однапред, па не вреди многу да се зборува. Единствено вака само како должност чувствувам да кажам дека сета оваа обврска со Уставниот суд не е ни од далеку на нивото институцијата Уставен суд што се прави, заради тоа што сето ова што се одвива на овој начин изгледа како да е дури и под нивото на избирање на некој месен одбор, на некоја месна заедница, а не судии на Уставниот суд на Република Македонија.

III/6.-

Постапката до предлозите до кој е дојдено навистина е крајно лоша. За тоа говореше г-динот Петров и мислам дека има поприлично право што го искажа сето тоа во врска со постапката. И покрај тоа што некој луѓе на Предлог- листата заслужуваат завиден респект заради тоа што некои од нив и ги познаваме од досегашниот тек на работата, имаат референци да бидат кандидати за судии на Уставниот суд, сепак за значаен дел од предлозите доминираат критериуми кои не се во сообразност со она што треба да биде Уставниот суд и судија на Уставен суд. Едноставно, доминираат критериуми - мојот партиски другар едноставно треба да биде тука и другото не е важно. Мојот пријател кој ми завршил некогаш некоја работа, со тоа што, не знам, ми допуштил да земам нешто или ми направил некоја услуга или мојот партиски другата од коалицијата мора да биде тука заради тоа што ако не биде тука ете, ќе падне Владата на РМ. Тоа се некои од критериумите што имплицитно се читаат низ предложениот текст и мислам дека оваа работа заслужуваше посериозно внимание. Добро е да се слушан и реакциите на луѓето кои работат во оваа сфера за тоа колку мислат дека предлозите сите, реков за еден дел не, се навистина добри и колку будат респект кај оној сталеж кој се занимава со судската власт со години. Тие луѓе треба да будат респект пред се кај тие луѓе штос е занимаваат со судската власт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Киров.

**ТАШКО КИРОВ:**

За предлог за избор на судии на Уставниот суд на Македонија од страна на Комисијата за избори и именувања се предложени 5 кандидати и двајца кандидати за членови на Уставниот суд од страна на претседателот на Републиката.

III/7.-

За предложените кандидати од страна на Комисијата со материјалот се дадени и биографски податоци за членовите. Конкретно, за Стојмен Михајловски роден во Крива Паланка, како прв податок; Олга Лазова родена во Урошевац; Јосиф Талески роден во Битола; Бесим Селими роден во с. Жубрино - Кичево и Бахри Исљами роден во Приштина. Тоа се 5 кандидати од страна на Комисијата. Двајцата кандидати од страна на претседателот ги немаат овие податоци како и останатите податоци што се подоцна дадени за другите кандидати од страна на Комисијата. За сите кандидати од страна на Комисијата е дадена моменталната состојба на вработеност, каде работат. За Бархи Исљами не е дадено ништо. Поставувам прашаше зошто не е дадено? Понатаму за Бахри Исљами референт во Комунален завод за социјално осигурување од 1963 до 1970 година. Не е дадено дали е во Општински комунален завод, во Републички комунален завод или Комунален завод на Покраината Косово. Мислам дека навистина, вака од страна кога ги имаме овие податоци се создава едно недоразбирање бидејќи има н епрецизност. Додека кај останатите кандидати секаде е тоа прецизирано. Вработен во Општински завод, вработен во Републички завод.

Пак ќе напомнам за кандидатите дадени од страна на претседателот на Републиката, освен име и презиме на членовите не е даден ниту еден од овие податоци. Навистина не е коректно да имаме една несуогласенот на автобиографски податоци и не е коректно према кандидатите предложени едни од страна на Комисијата а други од страна на претседателот. Тука треба да има, стварно, во интерес на гласањето, една права слика на ускалдени податоци од кои сите ние ќе можеме да согледаме и правилно да оцениме како ќе се определиме при гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има г-динот Стоиле Стојков.

IV/1.- РД-ВБ

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

-Почитувани пратеници, на почетокот би кажал дека го поддржувам она што господинот Стефковски и господинот Тодор Петров го предложија, односно дека со еден ваков избрзан предлог за избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија би требало оваа точка да се одложи, иако очигледно дека за тоа се нема слух, пред се од парламентарната коалиција која владее со оваа држава, јас во прилог на таа поддршка, односно на тоа барање од господинот Стефковски и господинот Петров би сакал да ги образложам причините кои се за мене релевантни за да заземам еден ваков став по едно вака битно прашање, како што е избор на судии на Уставниот суд на Република Македонија.

Прво, сите знаеме во теоријата на партиското владеење на демократијата стои дека и нашата дражва така се декларира дека системот на поделба на власта е поделен на начин на извршна, на законодавна и на судска власт. Каде е улогата тука на Уставниот суд. Уставниот суд треба да ја има улогата на контрола на почитување на законитоста и уставноста од овие два сегмента на власта од законодавната и извршната власт. Јас го разбирам дека на некој начин имаме една интима, би рекол така, една симбиоза меѓу законодавната и извршната власт во овој случај и тоа го сметам за сосема нормално. Да речеме во САД ако добие претседател на избори, нормално ако таа иста партија добие и за претставници во конгресот, односно во претставничкиот дом и сенатот таа симбиоза и таму е присутна. Меѓутоа, во таа Америка Врховниот суд, бидејќи тие немаат Уставен суд е тој што ја контролира законитоста и уставноста, извршната власт и законодавната власт. Во овој случај мислам дека се се сведува онаа избрзаност од страна на коалицијата која владее со оваа држава, овој избрзан чекор е во функција на немање време. Зошто немање време

IV/2.-

Сега сме изборна година така да кажам. Имаме нови парламентарни избори во Република Македонија. Како да се спроведе еден прикриен тоталитазам кој владее во Република Македонија. Тоа е факт сакал да се согласите или не, факт е дека во Република Македонија се владее со еден прикриен тоталитаризам. Без разлика колку вие тоа би го ставале во обланда, во некој фил би го завиткувале, меѓутоа тоа е очигледно и нашето барање да се сретнеме со претставниците на мисијата во ЌЕБС е во таа функција. Да им објасниме што се случува со демократијата во РМ. За жал се надевам дека во следниот број на весникот "ПУЛС" можеби ќе бидеме обвинети како кодоши, дека сме застанале со мисијата на ЌЕБС и сме издале некои вистини што се случуваат со демократијата во оваа држава, тоа се надевам дека ќе го стори оној остаток од лобито кој го имаше и го има Српската академија на науките и уметностите во тој весник "ПУЛС". Има се уште остатоци, секоја чест на оние новинари кои со задоволство ги читам, односно нивните анализи за состојбите во РМ, секоја чест, им се извинувам претходно на тие новинари, меѓутоа, тоа лоби од Академијата на науките и уметностите на Србија е присутно повеќекратно и очигледно во тој весник "ПУЛС". На ваков начин предложени партиски определени кандидати всушност ја девалвираат улогата на Уставниот суд. Да се потсетиме дека во РМ пред повеќепартиското живеење од првите избори имавме еден форум за заштита на човековите права каде беа членови на тој форум господинот Фрчковски, сега министер за внатрешни работи, господинот Чокревски сега ректор на Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје, новинарите Јадранка Николиќ Гордана Стошиќ, се одбор до одбор. Каде е сега тој форум за заштита на човековите права да реагира за една ваква битна одлука што ние како пратеници треба да ја донесеме овде. Тој форум не се јави воопшто за заштита на човековите права во РМ, туку се јави како форум за здавање на едно лоби кое сега владее со Република

IV/3.-

Македонија. Кое е тоа лоби на повеќето им е јасно тие што го разбираат тоа. Така сега ќе има напади од поедини средства за информирање, без разлика дали се третираат независни итн. итн. Овој Уставен суд, односно судиите на Уставниот суд би требале да биде независни. Јас не навлегувам тука за личностите кои се предложени. Меѓутоа, очигледно е дека овие 5 кандидати се партиски определени. Пет кандидати партиски определени од 9 члена се мнозинство. Сакале вие тоа да го признаете или не сакале да го признаете. Таа интимност, таа синдиоза фактички се на трите власти, точно ќе ја спроведе онаа намисла на оваа Влада што владее со РМ дури се сомневам и во чесноста на изборите во чесноста на донесувањето на некои одлуки на Уставниот суд итн. Треба да се потсетиме дека Уставниот суд ги оспори некаде над 70 закони и прописи и од ова Собрание и од Владата. Дали ова не е на некој начин некоја освета. Имав чест да слушам некоја програма на Радио Скопје каде што господинот Чоновски повика стручњаци по уставно право, двајца беа стручњаци другите условно кажано стручњаци за своите согледувања околу Уставот за уставните решенија што се тука застапени. Таму имавме една спротивставеност од постарите стручњаци по уставно право кои се потполно игнорирани во оваа држава. Тоа треба да сфатите. Стручњак по уставно право во овој случај испаѓа само господинот Фрчковски. Што ќе каже тој, тоа е . Да се потсетиме само на табличките . Господинот Фрчковски си даде за право Уставниот суд да го искара , да ви кажам најискрено и тие одржаа прес конференција за да се правдат. Тие се Уставен суд, членови на Уставен суд, пред се компетентни луѓе стручни од таа област. Такви луѓе треба да избереме. Инаку да ви кажам еве и за РТВ претплатата што се случува. Уставниот суд донесе одлука, а сега на луѓето им одат преку пензиите и преку платата што ја земаат да им се наплаќа РТВ претплатата. Јас ше сум против МРТ, не сакам погрешно да ме сфатите. Меѓутоа, треба се почитува одлуката на Уставниот суд. Какво судство имаме сега, кога тоа

IV/4.-

судство дозволува на луѓето на сила да им се земаат пари кои се неуставна категорија. Таа претплата е неуставна категорија од 15 ноември 1993 година со Одлука на Уставниот суд. Ова се ми личи на една кадровска кујна на СДБ. Јас тука би го спомнал само примерот се сеќавам господинот потсекретар на СДБ господинот Богоевски и за жал нашиот генерален секретар Змејковски на сличен начин правеа такви кујни како добри пријатели. Зошто да повторам, е прикриен тоталитаризам од страна на владеачката коалиција. Изборот треба да - ^биде предмет на вистинска стручност и партиска непристрасност за судии на Уставниот суд за да не се посрамоти пред се оваа Влада, без разлика што вие кога спомнавме за ЌЕБС дека ќе имаме средба вие се смеевте господа, значи не ве интересира ни ЌЕБС што мисли, ни Западна Европа што мисли, советот, унијата европска итн. Вие си ги имате средено мислите, со нив работите. Мислат и тие сепак без разлика што некој ќе ме обвини дека еве ја кодишиме државата. Оваа држава, односно владеењето во оваа држава мора да се заснива врз демократски принципи, сакале вие тоа да го сфатите или не. Затоа велам за да не се посрамоти оваа Влада би требало да го прифати предлогот на господинот Стефковски и на господинот Петров и оваа точка да биде повлечена од дневниот ред, да се направи еден договор, стручњаци по уставно право оваа држава Република Македонија има и такви луѓе да се изберат како гарант за независноста на тој Уставен суд, а не некој таму да му прети итн., како што го чини тоа господинот Фрчковски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Во овој век Европската и светската цивилизација можеше да присуствува на два тоталитарни система и тоа беше фашистичкиот и комунистичкиот тоталитарен систем, за кој беше еднаква карактеристиката извршната, законодавната и судската власт да биде под контрола на единствената партија, на едно место тоа беа

IV/5.-

фашистите, на друго место комунистите. Со оглед на фактот дека денешната владеачка коалиција, тоа се партиите кои учествуваат во Владата, СДС, ЛП, Социјалистичката партија и ПДП потекнуваат од стариот Сојуз на комунисти на Македонија едноставно логичниот континуитет е повеќе од јасен дека ние во овој момент имаме континуитет на тоталитарната држава која произлезе од суштината на она што се нарекуваше Сојуз на комунистите на Македонија, односно СКЈ. Бидејќи само за тоталитарните држави тој систем на тројната власт да биде под контрола само на единствената партија беше карактеристично . Во таа смисла можам да го кажам следново дека во РМ. веќе подолго време се подготвува и веќе функционира на големо тоталитарната држава во која сите три законодавни власти, ако се додаде на тоа и средствата за јавно информирање деак се под комплетна контрола за што ќе зборува она ако останел празен простор , ќе го надополниме после и на другата точка, со изборот на новиот генерален директор, само се потврдува она што ВМРО ДПМНЕ како позиција и другите опозициони партии постојано го зборуваа во Македонија, дека за жал во овој момент во РМ имаме на сцена враќање на тоталитарен систем на тоталитарната држава на кои резултатите и плодови очигледно ќе бидеме сведоци во текот на предизборната кампања и во периодот кој следува пред нас. Зошто го зборувам тоа? Го зборувам затоа што со изборот на судиите на Судскиот совет и со изборот на судиите на Уставниот суд само го имаме на сцена докомплетирањето на она што се нарекува комплетна контрола на сите три сегменти ва власта на една за жал "демократска држава".

Во секоја нормална демократска држава, сигурно најкарактеристичен пример се САД изборот на судија во Уставниот суд претставува највисока чест, меѓутоа претставува во исто време и највисока обврска и највисока морална расправа за личноста на човекот кој ќе биде ен на Уставниот суд.

IV/6.-

Процедурата која се води за член на Уставниот суд во САД и во секоја нормално западно -европска држава трае со месеци. За судијата се расправа од сите негови страни од стручните квалитети до она што се нарекува морални квалитети. И на крајот тој судија се избира или не се избира за член ан Уставниот суд. Во една тоталитарна држава како што е Македонската држава, наспроти ваквата процедура во дискусија која трае со неколку месеци, најпрвин имавме чин со кој на денот на кој сакаше да се постави седницата, Комисијата за избори и именувања беше запознаена со имињата на судиите, за цело време не се дозволува никаква јавна расправа во македонската јавност, сигурно најкарактеристични во тој поглед се средствата за јавно информирање и добро е што во оваа сала во овој момент се присутни неколку новинари што пишуваат за судството и преку Македонската телевизија и преку весникот "Нова Македонија".- Жал ми е што тие новинари што цело време инсистираат што побрзо да се изберат судиите на Уставниот суд или судиите воопшто во РМ не најдоа ниту еден збор за сходно да кажат дека сите предложени кандидати се членови на одредени партии или блиски луѓе на одредени партии и далеку се под своите стручни квалитет да бидат членови на Уставниот суд што само зборува дека контролата во македонската држава е комплетно и многу прекрасно функционира.

Да се биде судија на Уставен суд во една нормална демократска држава е најверојатно најголемата чест што еден судија може да доживее во својата судска кариера и претставува навистина доблес на едно демократско општество да се бори тој човек да биде навистина докажан како личност и со стручните квалитети и со моралните квалитети. За жал, како што пред малку рече еден од лидерите на опозицијата кај нас членовите на уставните судии се бираат како не баре да се бираат некои претседатели на месни заедници во одредени села или во градски подрачја, за жал оние што ги предлагаат уставните

судови не се ни одостојуваат да бидат присутни овде меѓу пратениците, па и тие да кажат неколку добри зборови за уставните судови, очигледно и самите тие се срамат од самата процедура која се води во РМ и од имињата кои се спомнуваат како членови на Уставниот суд и едноставно навистина се работи како за некоја церемонија како воопшто да не е важно, наспроти изборот на уставен судија во некое демократско општество, каде што изборот на уставниот судија не само по начинот на процедурата, по се она што се одликува тој систем, па и до завршниот чин на неговиот избор претставува една церемонијал во која е вклучена целата држава, церемонија во која е вклучена целата демократска јавност и на крајот сите граѓани можат да бидат задоволни дека човекот кој е избран за уставен судија е навистина судија и навистина човек на кој можеш да му веруваш и во кој може навистина да биде убедена целата демократска јавност.

Ние за жал во РМ со нашата демократија покрај сите други елементи имаме како парламентарци право, не знам дали 7 или 5 минути да зборуваме за тие уставни судии и ако го пречекориме тој временски период од 5 или 7 минути претседателот на Македонското собрание ќе ми го одземе зборот затоа што премногу долго сме зборувале за човекот кој треба да биде во наредните ми се чини 9 години уставен судија на РМ.

За жал оние кои што се најодговорни за почитување на правната држава и парламентарната демократија тоа се претседателот на државата, како и претседателот на Македонскиот парламент како и нормално премиерот на државата таму учествуваат по целата таа церемонија каде што токму системот на непочитување на правна држава и на непочитување на основните демократски права, еве гледаме дека колуминраат со својот врв.

IV/8.-

За жал овој избор на уставни судии ќе ни потврди дека најмалку ќе можеме во РМ да зборуваме дека судската власт е независна, бидејќи напротив секој добар судија, како после изборот на судиите во Судскиот совет, исто така и на судиите во Уставниот суд ќе извлече една многу добра поука, а тоа е ако сака да биде избран повторно за судија на процедурата која ќе следи најверојатно неколку месеци поуката ќе биде дека треба да биде повторно добар симпатизер или добар приврзаник на една од партиите на СДС, Либералната партија, Социјалистичката партија или ПДП, што повторно ќе ни зборува дека и со изборот на судиите ќе имаме повторно доведување на секој судија и ако сакал некој да биде од нив независен и ако сака малку да отстапува од законите на одреденото локално општинско собрание или општински комитет на СДС или општинско собрание или ПДП ќе мора да се врати во старите комбинации од времето кога знаеме дека централните комитети, односно општинските комитети по градовите ги диктираат кои ќе бидат судии и што треба судиите да судат во локалните или во републичките судови.

За жал темата за која зборувам е навистина премногу тешка и премногу жална, со оглед на фактот дека знам дека она што претставниците на партиите кои се континуитет на СКМ, односно на болшевичкото крило во таа партија, понатаму ќе одат незапирливо во својата намера да покажат сила во РМ, да покажат дека со сила може да се решава се во РМ, а тоа значи дека и судството во РМ може да се постави по пат на сила и по пат на партиска припадност. За жал уште многу долго ќе ни треба во РМ да зборуваме дека граѓаните имаат доверба во судството на РМ и дека во РМ ќе постои правна држава. Напротив, и понатаму ќе зборуваме за она што се нарекува тоталитарен систем во една држава,. тоталитарна држава, односно едно владеење на нежната диктатура, на диктатурата во ракавица во РМ.

V /1/НН/лј

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**: (продолжение)

Во тој контекст ова што го кажав беше навистина се на принципиелна основа.

Кога станува збор за судиите кои се предложени јас навистина сум разочаран што уште еднаш се покажува дека Владината коалиција во Република Македонија неколку децении наназад и посебно во периодот на демократијата оние кои претставуваат некакви имиња едноставно бегаат од Владината коалиција, затоа што знаат ако биде член на Уставниот суд, ќе мора да биде полтрон утре или задутре на оваа Влада, која го поставува денес како судија. Навистина сум разочаран од квалитетот на судиите кои се предложени, кои треба да бидат највисоко достоинство на Република Македонија, а исто така сум разочаран од фактот се она што дојде во овој пакет, а тоа е Законот за попис, изборот за генерален директор и избор членови на Уставниот суд на Република Македонија, од страна на државното раководство на Република Македонија се спроведува една политика на потполен национален односно државен нехилизам во нашата македонска држава. Самиот факт што двајца од пет судии што се предложени овде се родени во некои странски држави и најверојатно целото свое образование го поминале во тие странски држави доволно јасно зборува со какви луѓе во државното раководство ние денеска располагаме кои луѓе ја водат државата Република Македонија.

Господа, кажете ми, најдете ми еден судија во германскиот уставен суд кој не е роден во Германија, најдете ми еден во францускиот уставен суд,најдете ми еден во американскиот итн. Тоа е основниот принцип. Ако ние зборуваме за Република Македонија како македонска држава барем да ги почитуваме основните правила - членовите на Уставниот суд кои ги предлагаме да бидат луѓе кои се по потекло од Република Македонија, кои живееле со овој народ, го дишеле истиот воздух со овој народ и кои навистина малку повеќе, можеби ја сакаат оваа Република Македонија

V/2.-

Овој национален и државен нахилизам што го диктира македонското државно раководство верувајте дека никаде нема да не води. Ваквата политика н а еден нехилизам, на се она што се нарекува национален интерес верувајте не решаваме никакви проблеми. Напротив, ги отвораме проблемите да останат и понатаму она што се нарекува проблеми на македонското национално ткиво.

За жал, навистина сметам ако македонската влада и македонските државни раководители малку од малку сакаа да ја почитуваат правната држава во Република Македонија, демократијата треба да ја повлечат оваа листа, да отворат една нормална процедура за членови на Уставниот суд и целата македонска демократската јавност преку судиите, преку граѓаните да дојдеме сите до еден заеднички јазик кои луѓе можат да бидат членови на Уставниот суд. Само тоа се демократските принципи. Напротив, одиме во зацврстување на тотиларизмот во нашата држава и кон она што се нарекува класична тоталитарна дражва дали од фашистички тип, или од комунистички тип тоа на крајот на краиштата е се исто.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Македонските лево ориентирани партии кои што учествуваат во власта очигледно оценија дека резултатот од масовната политичка манипулација која ја спроведуваа овие три ипол години ги дадоа бараните, очекуваните резултати, пред се во умртвените рефлекси на македонската јавност, како и на изгубената врска помеѓу опозицијата и нејзиното избирачко тело. Само така може да се објасни зошто веќе отворено на еден веќе крајно арогантен начин се реализира етничкото мнозинство и во случаи кога се донесуваат не само битни закони, туку и кога се расправа и за институти или институции на македонската држава. Повеќе од јасно е дека потребата да се демонстрира политичка

V/3.-

моќ пред македонскиот народ е калкулирана како дел од методите за изборите во ноември во 1994 година. Јасно е дека при тоа како една позитивна стимулација да се хомогенизира владеачката гарнитура, особено некои односи внатре меѓу коалиционите партнери потребно е да се реализираат такви меѓупартиски кадровски комбинации кои што ќе постигне поголема хомогенизација. Се разбира притоа по кој знае кој пат македонските лево ориентирани партии ќе ја платат оваа сцена со отстапки према пратениците на ПДП и НДП.

Јасно е дека од листата на кандидатите, од податоците за биографиите на кандидатите произлегува дека во постапката во ниеден момент не се почитувале ни минимум објективни критериуми. Јасно е дека притоа, дека за прв пат при конституирање на една нова институција спрема составот не се водело сметка за континуитетот. Повеќе од очигледно е, со аргументи беше докажано дека постапката е повредена на повеќе пати. Сите чувствуваме, нема потреба посебно да се потенцира, но овој пат прашање е дали тоа ќе го признаат и пратениците на позицијата дека како пратеници колективно сме потценети и од предлагачот и од постапката.

Се разбира, има само една логика во целата постапка, затоа што логично е ако претходно добивме судски совет таков каков што добивме сигурно Македонија не заслужува подобар уставен суд.

Морам да признам со големо жалење дека опозицијата денес води изгубена битка и на прашањето дали може некој да ја сопре коалицијата мора искрено да се признае до ноември нема никој можност да ја сопре, само македонскиот народ на изборите во ноември 1994 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пред изборна кампања се утврдува со закон кога почнува. Водете за тоа сметка.

Молам, кој друг бара збор.

V/4.-

**АЦО СПИРОВСКИ;**

Почитувани пратеници се случува почесто да излегувам на бината и тоа почесто со Устав во рака. За жал тоа е така.

На денешната расправа се води процедурална расправа за избор на судии во Уставниот суд. Во однос на предлагачот можам само да укажам на тоа да истиот, ако не друго, барем можеше добро да ја проучи главата IV од Уставот на Република Македонија и добро да ги погледа овие шест члена кои ги дефинираат надлежностите на Уставниот суд на Република Македонија. За жал и во овие "шест члена има толку пропусти што укажуваат на една бледост, на една неспоивост, на едно не добро гледање во однос на работите и она што треба да се направи во Република Македонија. Да се занемари фактот дека ќе се изберат судии на Уставниот суд на Република Македонија со мандат од девет години навистина е голема работа која влече и голема позадина. Ако некој мисли дека нивниот мандат нема да заврши кон крајот на оваа година, туку мисли дека ќе продолжи и во наредните години, тоа не знам со која сигурност го тврди и на кои основи истото го гради. Меѓутоа, како што оди поставувањето на работите изгледа дека некој мисли вечно ќе остане на власт и за тоа овие судии на кои ќе им даде мандат од девет години, веројатно ќе му служат нему односно на неговите лични интереси.

Мене ми е жал што во оваа постапка не видовме никакви критериуми, ниту појаснувања во однос на кандидатите што се предлагаат. Хас сани да оитсетан на една работа, тука нема претставници на Владата меѓутоа и за министерот за правосудство немаше критериуми меѓутоа тој работи како што работи, а факт е, јас доаѓам од Охрид и она што се случува во Охрид го гледам и доживувам, а факт е дека во судот во Охрид неколку судии ја напуштија судската функција и отидоа во адвокати. Образложението сега нема да го дадам, меѓутоа причините во однос на поставеноста на судската власт во

V/5.-

Република Македонија во ресорот на министерот за правосудство се познати и од тие причини луѓето си заминаа од тие функции. Сега се поставува еден од најјаките органи во Република Македонија - Уставниот суд кој треба да ја штити уставноста и законитоста во Република Македонија. Јас прашувам во однос на овие членови, кои веројатно не се добро погледани, во членот 111 за уставниот суд барем еден од критериумите да биде запазен, а тоа е ставот 1 "функцијата судија на Уставниот суд е неспоива со вршење на друга јавна функција и професија или членувања во политичка партија". Барем на ова можеше да се види и да се укаже односно тука да се даде од предлагачот, предлагачите кои ги нема за жал, дали, на кој начин е утврдена политичката припадност. Односно ако и таква постои дали и кога овие кои се предлагаат ги повлекоа пристапниците? Кога престанаа да членуваат во одредени политички партии односно во СДС, Либерали, ПДП? Како тоа ќе се утврди конкретно во оваа фаза.? Ете една процедурална работа преку која едноставно не може да се помине, а точката беше поставена на дневен ред со денови station наназад и ова можеше да се направи.

Во однос на другите критериуми, квалитативни за овие луѓе кои ќе останат со мандат од 9 години, кои ќе треба да заземат одредена функција да не разговараме повеќе, односно се знае што треба да се каже, кои се тие квалитети кои тие луѓе треба да ги исполнуваат.

Мене лично една друга работа малку ме иритира во однос на постојниот уставен суд. Ако оваа Влада која моментално е на власт нуди нова членство, нормално Владата и оргнаите на државната управа, претседателот на Република Македонија и Судскиот совет ако веќе нудат нови судии тогаш постојниот Уставен суд, само едно укажување, дас ве потсетам колку одлуки доенсе со кои на некој начин ги минимизира односно укажа на дефектните одлуки на постојната Влада која нуди нови устанви судии. Ќе кажам само неколку примери за

V/6.-

потсетување: палата на Македонија, - судски спор Уставен два милиони марки во штета проблемот со сообраќајните таблички - Уставен спор исто така два милиони штета. Настаните се Горче Петров итн., итн. Сега треба да избереме нови судии на Уставниот суд на Република Македонија со особени квалитети кои треба да реагираат веднаш односно во даден момент на одредена незаконитост односно неуставност. Дали од овие луѓе кои ќе дојдат на власт истото можеме да го очекуваме? Дали овие партии кои моментални се на власт навистина мислат дека и во наредните девет години ќе останат на власт во Република Македонија и овие луѓе ќе служат на нивните интереси. Јас сфаќам дека овие луѓе кои моментално доаѓаат на власт основана задача ќе им биде неработењето. Во која смисла неработењето? Молчење. Ако се прави одредена незаконитост тие ќе мора да молчат. За жал ќе мора да молчат.

На крајот да укажам во однос на денешните разговори со претставниците на ЌЕБС. Таму не разговаравме со бетонирани глави кои чекаат нешто да им се даде и веднаш да дигнат рака, а меѓутоа беа живо заинтересирани во однос на проблемите кои настасаа тука. за жал тие добро го сфатија проблемот и истакнаа дека во однос на ваквите појави ги известуваат сите членки на заедницата. Односно известувањата ќе одат во 52 земји. Мене ќе ми биде жал, за претставникот од Македонија кој ќе оди кој ќе гласа за одредени повелби таму, па ќе бара нешто и ќе се повикува на одредени унифицирани права. Сега, ние доживуваме потсмев, меѓутоа, нашиот претставник таму за жал ќе добие потсмев. Сето тоа оди за жал на штета на нашата држава.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници. Мислам дека неосновано и неаргументирано многу критики се искажаа од претходните дискутанти во однос на предложениот избор на судии на Уставниот суд. Ако се апстрахира дека фактички дискутантите

беа претставници од опозицијата се добива една лажна претстава, слика дека ете на тие два пункта, првиот пункт практичното функционирање на политичкиот систем кај нас како операционализација на уставното решен за избор на судии на Уставен суд и за самиот предлог на личности, на кандидати за судии на уставен суд дека се работи за промашена работа во првиот случај и за една недемократска постапка. Моето мислење во суштина е спротивно и мислам дека нема подемократско решение во нашето уставно уредување да не е од единствен предлагач, туку од повеќе предлагачи, како што е нашето решение да предлагаат и претседателот на републиката и републичкиот судски совет и Комисијата за избор и именување. Фактички операционализацијата на тоа уставно решение еден прилог на практичното функционирање над демократијата. Спротивно од овде искажаното дека се работи за некои тоталитаризам во функционирањето на политичкиот систем во Република Македонија.

Бидејќи се работи за прв избор по новото уставно уредување на Република Македонија балансот на претходна припадност на одредени кандидати кон одредени политички партии тоа е една неминовност бидејќи се работи за прв избор на такви функции не треба да се поистветува со некаков автоматизам, дека претходната политичка припадност дали од еднопартискиот систем или ако на пример се работи за секретар на Владата, Владата е политичка и мора да биде регрутиран од некоја политичка партија, не треба тој баланс да се поистоветува со некој автоматизам дека се работи автоматски за нарушување на самостојноста на овие носители на оваа највисока судска функција односно судии на Уставниот суд.

Мислам, колку што е доменот на моето сознанија, колку што јас познавам некои од предложените кандидати тоа е госпоѓа Лазова и господин Талевски, најмалку заслужуваат за вакви критики и од сознание на разрешување на судски спорови на стопански субјекти, како и

работата на Законодавно -правната комисија во однос на господинот Талески мислам дека им припаѓа и ги поседуваат сите квалитети и стручни и професионално и морални да бидат носители на овие функции

На крајот ми паѓа во очи една констатација дека на некои претставници од опозицијата им паѓа криво и изразуваат жалење дека тие не можат тоа да го направат како носители на предлагачко право, кое што јас сум убеден ако би го имале и кога би биле тие во таква улога многу накарадно би го направиле.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, моево излагање е реплика на претходниот...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие нема зошто за реплика да добиете збор, вие сте јавивте за дискусија.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Добро, како сакате сфатете го дозволете ми да се искажам. Не беа точни наводите кои беа искажани дека постапката при утврдувањето на кандидатите за Уставниот суд на Република Македонија била демократска затоа што биле предложени кандидатите од повеќе места.

Прво, претседателот на Републиката имаше право и предложи двајца кандидати, тоа се господинот Тодор Џунов и Никола Крлевски. На сите ни е познато дека претседателот на Републиката е член на Социјал - демократскиот сојуз на Република Македонија и често тоа го покажува во своите јавни настапи, а при изборната кампања за дополнителните избори во изборната единица 103 тоа го изјавија и самите претставници на СДС дека најголема инвестиција е претседателот на Републиката и тие што ќе гласаат за кандидатот на СДС гласаат за политиката на претседателот Киро Глигоров.

Господинот Никола Крлески, беше член поточно секретар на Експертската влада, но општо познато е дека тој е близок на СДС и до претседателот Киро Глигоров.

Што се однесува до предлозите на Републичкиот судски совет, исто така кандидатите кои беа избрани во Републичкиот судски вет беа без предлозите на опозицијата во македонскиот парламент, што значи

се предлози само на коалиционото мнозинство. Јас сум член исто така и на Комисијата за избори и именувања и присуствував на утврдувањето на предлозите на оваа Комисија, каде беше одбиено од страна на заменикот претседател и на членовите на Комисијата, кои што се на коалиционото мнозинство, кои припаѓаат на тие партии, на левите партии и на ПДП, воопшто не се сакаше да се разговара за предлозите на опозицијата. Се работи за една институција, тоа е Уставен суд на Македонија, која што ќе треба да води сметка за уставноста на законските акти кои ќе бидат донесувани од страна на Парламентот, но многу очигледно едека неговите членови сепак се партиски определени и се само членови кои припаѓаат всушност, според својата политичка ориентација се јасно определени за партиите на власта. Конкретен пример господинот Стојмен Михајловски е потпретседател на Социјалистичката партија на Македонија. Господинот Панче Минов, многу добро кажа дека ја познава госпоѓата Олга Лазова, таа всушност и беше предложена од страна на пратениците на Либералната партија, а господинот Јосиф Талевски е актуелен член односно секретар на Владата на Република Македонија и е член на СДС. Останатите двајца предложени членови, Бесим Селими и Бахри Исљами се членови на ПДП, а јавно пишуваше во средствата за јавно информирање, поточно во весникот Нова Македонија и тоа не беше демантирано од страна на ПДП.

Пред нас имаме значи една јасна слика дека се работи за Уставен суд кој ќе биде под партиска контрола и наместо во Република Македонија да функционира правна држава, имаме повторно воведување на голема врата на она што беше обележје на еднопартискиот систем, а тоа е на политичката држава, повторно врвните државни институции ќе бидат под контрола на една партија поточно на левите партии кои владеат во Република Македонија. Какви одлуки ќе донесуваат на сите ни е однапред познато, дали ќе го штитат

законот или политичките интереси на владеачките партии, ми се чини за тоа нема дилема и не би смеело, срамно е за овој македонски парламент да гласаме за ваков состав на Уставниот суд на Република Македонија. Него треба да го сочинуваа најугледните, најреномираните правници и судии кои со својата судска и правничка пракса се потврдиле и постигнале еден углед во македонската јавност, а исто така ја афирмирале правната етика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Панче Минов има само пет минути реплика.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Очигледно, има потреба да се разјасни одредена состојба, а тоа е дека овој Парламент не им го даде овластувањето на претседателот на Републиката ниту на Републичкиот судски совет да предлагаат кандидати за носители на функциите судии на Уставниот суд. Тоа е нивна изворна надлежност од Уставот. Поради тоа некоја предметност за оценување за тоа тие како и кого ќе предложат може само при гласањето за оној субјективен момент, бидејќи е одреден тој и тој и тој. Не треба да бидеме во исто време наивни дека највисоката институција претседател на Републиката не ја искористил постапката за проверка за она што беше истакнато тука дека треба да се провери стручноста, професионалноста, моралноста. Истото се однесува и за Републичкиот судски совет. Мислам дека тоа се такви органи и такви институции кај кои е неопходно тоа и во тоа не треба да се сомневаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓица Димовска не е спомната ама сака многу реплика да даде. Сака да појасни. (Некој од пратениците реагираат). Не може, за вас не може но за госпоѓица Димовска ќе може овој пат бидејќи

појаснувањето на господинот Минов, беше после нејзиното излагање заради тоа што таа тој проблем го зафати.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе, ви благодарам што сте толку великодушни и ми дадовте збор, иако со коалицијата овде цело време ни диктирате начин на расправа и ни го одземате правото како опозиција да го искажеме своето мислење со ограничувањето ан дискусијата.

Господинот Минов, добро што не потсети на Уставот и законите, познати ни се тука на сите пратеници во Парламентот, бидејќи во нивното донесување учествувавме сите. Да не ја лажеме јавноста дека претседателот на Републиката има право да предлага. На сите ни е јасно дека претседателот на Републиката - тоа партијата СДС на Македонија јавно го кажа, Стоп зад оваа партија, ја претставува оваа партија. Во кандидатурата кандидира претставници од СДС. За жал, тој би треба да ги претставува интересите и граѓаните сите на Република Македонија, не само на еден дел на оние кои што припаѓаат на левите партии, исто така и на правници и судии кои се членови и на други партии или воопшто не се партиски определени а не само од СДС.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Заменикот на претседателот на Комисијата е спомнат. Јас ја молам госпоѓица Димовска, да се сеќава што рекла, сега искажа овде таква работа, нека не заборава.

Има збор пратеникот Љупчо Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, согласно член 16 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ, судиите на Уставниот суд на Република Македонија ќе се изберат најдоцна во рок од три месеци по конституирањето на Републичкиот судски совет.

VI/5

Собранието на Република Македонија на 26 јануари 1994 година, со одлука ги избра членовите на Републичкиот судски совет а на 4 февруари1994 година Републичкиот судски совет ја одржа својата прва конститутивна седница. Согласно член 105, став 1 алинеја 4 од Уставот на РМ, Републичкиот судски совет меѓу другото предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија, како што е познато предлогот со двајца судии предложени од Републичкиот судски совет за судии на Уставниот суд на Република Македонија е доставен до Собранието. Рокот од три месеци, согласно член 16 од Уставниот закон веќе одамна е надминат, па се поставува прашањето дали и понатаму ќе се оддолжува избор на судиите на Уставниот суд на Република Македонија.

Мислам дека Собранието на Република Македонија не би треба да ја одолжува постапката во однос на изборот на судии на Уставниот суд односно дека крајно време е да се изврши изборот на судии на Уставниот суд на Република Македонија. Изминатите седници се водеше исто така опстојна расправа во однос на ова прашање во Комисијата за избор и именување каде што се предложени покрај двата кандидати од Републичкиот судски совет и пет кандидати од Комисијата како надлежно тело кое е задолжено да го утврди предлогот и да го достави до Собранието за судии на Уставниот суд.

Претседателот на Република Македонија согласно членот 84 став 1, алинеја 4, предложи исто така двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија. Со тоа е комплетирана листата на кандидати за судии на Уставниот суд и мислам дека Собранието треба по таа листа да се произнесе.

Исто така, сметаме дека во основа предложените кандидати од страна на Комисијата ги задоволуваат критериумите на истакнати правници со огромно професорско, судско и стручно искуство во

најразлични области од правните науки како што се: меѓународното приватно право, кривичното право, управно право, стопанско право, трудово право, што дава гаранција успешно и квалитетно да ја обавуваат функцијата на судии на Уставниот суд на РМ.

Неколку коментари на досегашната дискусија. Не е точно дека опозицијата не била консултирана во врска со предлагањето кандидати за судии на Уставниот суд. Впрочем сите кандидати кои ги предложи Комисијата за избор и именување, беа предложени на седница на Комисијата за избор и именување каде меѓу другото има членови, четири или пет од страна на опозицијата. Тие за ваше информирање и на севкупната македонска јавност во првичната расправа дури предложија одредени кандидати за судии на Уставниот суд. Само ќе спомнам два. Тоа е господинот Горѓи Наумов, поранешен министер за правосудство и ако не се лажам госпоѓата Вангелија Паскалиева.

Според тоа, правото на консултација, и не само на консултација туку и предлагање одредени кандидати опозицијата го искористи но не го доби потребното мнозинство во соодветната комисија и така се дојде до предлогот што денес го имаме на расправа.

Второ што сакам да кажам најенергично ги одбиваме сите навредливи и омаловажувачки изјави и мислења од страна на дел од опозицијата, кои небирајќи зборови, поголемиот број на доктори на науки истакнати стручни лица во овие области, ги девалвираат на месни заедници, на претседатели и секретари, што мислам дека и тие секретари што работат во месните заедници имаат свое достоинство што зборува за тие што такви изјави искажаа, за нискиот степен на државотворна и национална свест кои едноставно го бојкотираат процесот на конституирање на сите значајни институции на државната власт во РМ, во конкретниот случај и на судските органи преку примерот за конституирање на Уставниот суд на РМ.

VI/7

Втора забелешка: бидејќи најмногу се зборуваше дека во Македонија сме сведоци на враќање на тоталитаризам, комунизам итн. јас само би рекол, ако некаде постои тоталитаризам, со извесни примеси на фашистички методи во нашето општество, без поголеми проблеми ќе ги најдете во работата, во јавните изјави и во практичното делување на еден дел од врвот на партијата на ВМРО-ДПМНЕ.

На крајот, ние се гордееме со фактот што господинот Киро Глигоров е близок до стратешките определби на СДС, ние исто така целосно ја поддржуваме неговата државна политика, за разлика од госпоѓата, нема да и го спомнам името, не знаеме дали води некаква политика и ако води не знаеме чија, во секој случај, тешко препознатлив како македонска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ќе ви дадам збор. (и се обраќа на госпоѓицата Доста Димовска). Ве спомнаа, и не може да се каже дека не ве спомнаа но ве молам тишина, мораме да водиме сметка за се, треба да се добие објективна слика.

Сакам само нешто да споменам. Овде честопати се зборува за претседателот на Републиката во дневно - политички цели. Претседателот на Републиката е предложен со список од околу 40 потпишани пратеници отколку што има СДС и е избран со 114 гласови од 117 присутни. Според тоа, секое врзување на претседателот на Републиката и неговата работа за една партија не е вред. Тој е шеф на државата на сите државјани на Македонија. Така мора да се разберат неговите предлози, а неговото уставно право да предлага никој овде не може овде да го спори со тоа што тој бил некогаш член на оваа или онаа партија. Уставно право е на претседателот да предлага и предлага. Ве молам тоа да се знае.

Има збор госпоѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, бидејќи претходниот говорник искажа низа инсинуации, јас морам да реагирам. Пред се, би го потсетила дека Парламентот и денешнава седница не е пленум на ЦК на КПМ туку е седница на Собрание, на чија што седница не се донесуваат политички ставови врз основа на кои после ќе се водат хајќи и политички линч на личности. Вие направивте инсинуации дека некој води туѓа политика и дека дел од раководството на ВМРО-ДПМНЕ води и дава фашистички изјави. Ако сме правна држава, дали постојат судски власти во Република Македонија, дали постојат органи на прогон .Па тие личности кои застапуваат туѓи интереси или кои го кршат Уставот, кои работат против суверенитетот и интегритетот на македонската држава подлежат на прогон. Дозволете органите да си ја вршат својата работа, а не вие како политичка партија да ги осудувате и да водите хајка, особено преку средствата за информирање кои ги имате под ваша контрола.

Што се однесува до наводите дека сме учествувале во работата на Комисијата како опозиција и дека сме дале предлози, морам да потсетам дека на нашите барања за разговор од страна на позицијата и за средствата за информирање и за изборните закони, вклучително и за членови на Уставниот суд на Република Македонија, досега не ни е одговорено ниту усмено ниту писмено. Господинот протежира една политика која што ни е одамна позната, а тоа е да се договориме како што сакам јас. Опозицијата тврди дека дала предлози, но ти ене биле прифатени. За вакви институции како што е Уставниот суд на Република Македонија мора да постои договор меѓу позицијата и опозицијата и да респектираат предлозите на опозицијата, а не постојано да се тврди дека сме биле надгласани и да се апелира на некаква државотворност и

национална свест, со цел само да се прифаќаат предлозите на позицијата на партиите на власт. Ако вие апелирате на државотворност и национална свест, треба да ги респектирате ставовите на најбројната партија во Македонскиот Парламент, а тоа е опозиционата ВМРО-ДПМНЕ а не да барате постојано да ги наметнувате вашите решенија вашите предлози

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да не се стекне лош впечаток од излагањата. Ве молам, никој за изјава не може да биде гонет и немојте од говорница да повикувате да биде гонет некој за изјава, фашистичка. Во оваа земја никој не може да биде гонет. Молам, само тоа да се објасни. Објаснете го тоа, немојте да ги обновуваме вербалните деликти и некои други работи. Нема за изјава никој да биде гонет. Тоа е само политички став.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе, немојте и вие да манипулирате и да му помагате на претходниот дискутант, немојте да ги коментирате работите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте со мене да се расправате.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Немојте да ги коментирате нашите изјави, ве молам. Јас јасно кажав, претходниот говорник имаше некои инсинуации, јасно кажа дека одредени членови на раководството на ВМРО-ДПМНЕ давале изјави кои биле фашистички. Ако постои фашизам во Република Македонија, зошто нивниот министер господинот Љубомир Фрчковски не ги уапси и не ги гони тие фашисти. Исто така, ако постојат личности кои работат за други држави, нека ги гони Фрчковски, нека ги затвори сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е спорно ако има фашизам, ако делува како фашизам, тоа е друга работа. Но ако дал изјава, за изјава никој не се гони. Вие повикавте да се гонат луѓето кои дале изјави и ве молам тоа да не го правите, тоа опоменав.

Одиме понатаму.

Има збор пратеникот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Даме и господа, мислам дека со право оваа точка побудува таков интерес кај пратениците, затоа што се работи за избор на еден од најзначајните органи на државата Република Македонија, кој има и најзначајна функција да ја штити законитоста и уставноста во работач на државните органи. Во таа смисла мислам дека беше и добро да се внимава и за дигнитетот и авторитетот на луѓето за кои станува збор, од причина што уверен сум дека никој од вас не живее во уверување дека трустот на мозоци е собран во оваа сала. Ние навистина имаме легитимитет од граѓаните и не избрале за пратеници, но никој не ни дал за право да се сметаме дека сме најумни и можеме да лепиме етикети какви што сакаме за луѓето кои ги бираме. Според тоа, да тргнеме од објективната претпоставка дека имаме зголемена одговорност во име на државата односно како законодавно тело кога ги бираме луѓето, со полн респект да приоѓаме кон нивната личност. Според тоа, не треба да се симплифицира до таа мерка да се девалвираат луѓето дека еве за некој тревијален орган кој е изумрен во државата како да бираме луѓе и таков приод имаме. А се согласувам дека можевме да направиме и друг избор. Дали ќе биде подобар избор, тоа е друго прашање, релативен е секој

избор и јас сум убеден, кого и да предложеше Комисијата за избор и именување или претседателот на Републиката или Републичкиот судски совет ние овде ќе го критикувавме затоа што станува збор за предлог на позиција со кој опозицијата не се согласува. Според тоа, ако сакате сите професори по уставно право и сите претседатели на судовите во Републиката да ги предложевме, пак ќе беа критикувани, ако ништо друго барем за минатото.

Второ, станува збор за една голема заблуда што ја слушав овдека во дискусиите на неколку пратеници за правосудниот систем и волјата на правосудниот систем. Уставниот суд не спаѓа во правосудниот систем, тој е посебен орган односно орган на Република Македонија а не е орган на правосудниот систем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според тоа, не може да важи овде заложбата како критериум при избор на членови на Уставниот суд, луѓето да бидат судии или да биде адвокат. Поради тие причини и уставотворецот односно ова Собрание се определи основен критериум при избор на судии на Уставен суд да биде од редот на истакнати правници и ништо друго, а тие луѓе не може никој да оспори, јас би сакал на тој професионален план некој да оспорува дали овие луѓе што се овде предложени не спаѓаат во редот на истакнати правници. За тоа да разговараме. А, за тоа дека веројатно има подобри, сигурно, во секоја прилика можат да се предложат подобри односно да се предложат и други што се подобри од овие што тука се предлагаат. Но, јас сум уверен дека е направен напор овде да се избере еден професионален состав, компетентен состав од личности кои што ги исполнуваат условите пропишани во Уставот за избор на судии на Уставниот суд и мислам ако се погледне профилот на составот на луѓето, на кандидатите, се избира една комплементарност од сите сфери во правото и општественото живеење, луѓе кои професионално се ангажираат, што дава гаранција за квалитетот во составот на Уставниот суд.

Кога станува збор за партиски определени луѓе, односно членови на политичка партија, и од овде од некои членови на говорницата слушнавме дека се даваат разни етикети за поранешниот систем изедначување на комунизмот со фашизмот и тие истите беа членови на Комунистичката партија, што значи биле членови на поранешната партија, мал број на луѓе овде во овој состав не биле членови на Комунистичката партија и на Сојузот на комунисти, па се деполитизираа, односно ја напуштија таа партија, значи го симнаа тој одиум, таа етикета и сега имаат право да ги критикуваат сите други кои во тоа време биле членови на таа политичка партија. Имено, сакам да кажам дека овие луѓе

бидејќи Уставот забранува член на Уставниот суд да биде во исто време и член на политичка партија и истиот момент со изборот за член на Уставниот суд како што ги избравме и членовите на Републичкиот судски совет не можат да се бават апсолутно со политички активности, не можат да бидат членови на политичка партија. Тоа е совршено јасно како што сега најголем дел од вас овде се членови на друга политичка партија, а не се веќе членови на Сојузот на комунисти или на Комунистичката партија како што велат.

Четврто, се оспоруваше правото на претседателот на Републиката да предлага како кандидат на една партија и јас му благодарам господин Андов тоа го објасни и јас со тоа се согласувам, претседателот на Републиката во Уставот има легитимитет, има право да предложи, тоа му е уставно право да предложи кандидати од кој ред ќе предложи тоа е негово право, но никој не може да оспори затоа што бил своевремено кандидат од редот на Социјалдемократскиот сојуз, а ова Собрание го избра такаречи едногласно да му се оспорува правото да предлага кандидати само заради тоа за членови на Уставниот суд.

И, последно, мислам дека би било добро на овие луѓе, на стартот ако можеме да им укажеме на професионалноста, моралниот аспект за нивната кандидатура за судии, а никако за некои тривијални причини кои што не даваат слика за еден сериозен пристап кон изборот за еден од најважните органи на РМ.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, излегов за да не излегувам подоцна и за да кажам зошто нема да гласам за Уставниот суд на РМ и затоа го земам овој збор и имам три причини поради кои е моето образложение зошто нема да гласам.

VII/3.-

Првата причина е основна и најголема причина. Мислев и сметав како член на Комисијата за избори и именување, а исто така и како член на овој Парламент во овие четири години и човек кој е избран од народот кој секојдневно се наоѓа на теренот и од прилика јавното мислење во РМ го знае, мислев и бев уверен дека со изборот на судии на Уставниот суд на РМ барем на крајот од мандатот на овој четиригодишен период ќе го докажевме нашето македонско национално единство, токму за овој Уставен суд на РМ. Народот и сите оние луѓе кои работат во судството во РМ кои по разни причини се надвор од оваа моментална професија беше заложбата дека конечно македонскиот народ ќе не види обединети по ова прашање во македонскиот Парламент. Меѓутоа, ние го покажавме сосема обратното дека и по ова прашање и по изборот на судии на Уставниот суд ние веќе се разидуваме и конечно со завршетокот на нашиот мандат веќе немаме шанса барем едно задоволство да му пружиме на нашиот народ во Република Македонија, односно на нашите граѓани.

Втората причина која што сакам да ја образложам е, овде што се истакна дека овие судии биле способни луѓе, компетентни, стручни итн. не сакам поединечно да се впуштам во квалификацијата какви се по својата професија, меѓутоа верувајте дека во Република Македонија има прекрасни луѓе, има многу способни луѓе кои се надвор од овој Уставен суд на РМ, а со едно мало разбирање ако бевме малку посложни, не само во Комисијата за избори и именувања туку и во овој Парламент целосно, мислам дека ќе најдеме заеднички јазик да ги избереме токму најдобрите, најквалитетните, најдостоинствените, најстамените луѓе што постојат од областа на правото во оваа држава. Меѓутоа и таа шанса не ја искористивме. И за жал она што се случуваше во комисијата за избори и именувања, она што се случува како слика во овој Парламент на ништо не наликува освен на едно сурово насилство што се врши четири години

во овој Парламент. Тоа е лична моја констатација. И дури ако сакате ќе ја потврдам и една друга констатација што беше овде изговорена дека во РМ дека не се судело за изречен збор во македонскиот Парламент. Ние овде имавме одредени жешки дебати во Парламентот, меѓутоа индиректно, подмолно и на многу перфиден начин моето возило беше изгорено во Битола. Тоа е еден од методите со кои се служи оној што сака на директен начин насилството во РМ да го направи како метод за раководење или за замолчување на луѓето.

Третата причина, третиот елемент за кој сакав да кажам дека нема да гласам за Уставниот суд на РМ е слабоста која ја покажавте господо од коалицијата за цело време овие ваши предлози, сите овие луѓе во Уставниот суд се сосема на вашата страна, тоа ние добро го знаеме, не ви се лутиме, бркајте си ја својата работа, меѓутоа ваша е слабост што навистина не сте имале доволно кадар, избор на кадри од оваа област да ги изберете најквалитетните, најповиканите за оваа професија, за овој Уставен суд. Всушност докажавте дека вие располагате со мал број луѓе кои ви се лојални или на некој начин земаат последен здив во оваа трка за кадровски разместувања, поместувања во РМ.

И една друга работа што сакав последно да ја спомнам за некои демократии што овде се промовираа на говорницата, нивните методи на однесување во последниот период толку ги имаме искусено врз сопствена кожа што доволно ни е јасно дека не треба да се претставуваат во такво светло. Но, не треба да заборават дека ние во Република Македонија ќе останеме и понатаму да живееме и дека со оваа власт нема да заврши оваа држава и овој народ. И со такви закани и со такви принципи на однесување со сурово насилство, верувајте дека

кругот на злото ние само ќе го прошируваме, а нема да го стеснуваме. Тука отворате опасна варијанта, варијанта за освета која треба перманентно да врти во еден круг во РМ. Допуштете, бидете демократи, затворете ја. Со насилство, со насилие, без разум и без меѓусебно договарање нема ништо. И да се скараме и да се степаме после тоа повторно мора да седнеме на маса и пак да се договориме. Злото треба да го закопаме, а вие и покрај тоа што ние дававме толку заложби во овој Парламент и како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и јас лично како човек, како Котевски Горѓи, подадовме рака да направиме овде некакво единство, барем реков нашиот народ да го удостоиме со едно такво единство, вие не покажавте ни ронка, ни зрно совест околу тоа единство во РМ, меѓутоа покажавте обратно, дека себичноста ви е на голема врата и дека само со тие кадровски разместувања можете да останувате.

Не, во Македонија има многу луѓе, можеби кои не се во Македонија, се во дијаспората, но многу повеќе придонесле и многу повеќе работат за оваа држава. Затоа не сметајте дека светот и Македонија почнува со нас и ќе заврши со нас.

Заради сите овие причини и заради сето она што го изнесов- те како против аргумент што не држи во оваа прилика јас ќе гласам против изборот на членови за Уставниот суд на РМ и јас сум навистина резигниран и ќе ја напуштам седницата при гласањето.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, нема да бидам долг во моето искажу- вање заради она што јас и пред седницата добивајќи ги овие податоци за предложените членови на Уставниот суд сметам дека се доволни за да можам да изградам еден став дали ќе ја прифатам листата или не.

VII/6.-

Веднаш морам да кажам дека во принцип уште на почетокот како пакет ја прифаќам целата листа заради обезбедена севкупна координација околу изборот и предлагаше на судиите. Имено, да кажам дека се согласувам со господинот Тито Петковски кој кажа дека сепак квалитетот и компетентноста се релативни поими и дека можеби во оваа ситуација имало некој подобар, меѓутоа не е тука предложен.

Лично сметам дека лицата кои се предложени на листата можат да ги задоволат критериумите како членови на Уставниот суд и едноставно да можат да го читаат Уставот. Јас правам една голема разлика помеѓу она што претставува истанца Општинскиот суд, Окружниот суд и Врховниот суд од ова што претставува Уставниот суд. Ако се зборува за некој Врховен суд тука треба и големи практичари, меѓутоа кога се работи за Уставниот суд мислам дека теоретското и истражувачкото и научното сознание на предложените кандидати треба да биде во прв план.

Многу оспоруваниот кандидат д-р Стојмен Михајловски можам да кажам дека во овој момент гледајќи ја содржината на Уставот, а во кое посебно е потенцирано што значи правниот систем, што значи економскиот систем, што значи политичкиот систем во биографијата и во неговото залагање и активности, можеме да утврдиме дека сепак овој предложен кандидат исклучиво се занимава со тој проблем и не случајно е директор на еден институт кој се бави со социолошки, правни и политички работи. А, тоа значи дека истиот кандидат може извонредно да го чита Уставот, а за мене многу е важно теоретското сознание отколку оној практичниот дел. И во таа смисла не ги прифаќам одредени забелешки во однос на овој кандидат.

Во целина ги прифаќам сите предложени кандидати за Уставниот суд.

VII/7.-

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас му се дивам на колегата Арсовски единствено тој испадна принципиелен и кажа дека со координација на коалицијата е решено кои ќе бидат во Уставниот суд, а тоа го почитувам. А, не како другите како што кажаа, на пример колегата Љупчо Тофоски тој исто така исправно кажа треба да минат три месеци од формирањето на судскиот совет до избирање на Уставниот суд. Тоа е точно, но тоа се направи по потреба. На пример пред две ипол години, ние го изгласавме Уставот,а по тој Устав во рок од шест месеци требаше да се донесат системските закони. Но, до ден денеска системските закони не се донесени. Сега имаме потреба под итно да се изберат членовите на овој Уставен суд. Значи, коалицијата, власта работи спрема својата потреба.

Ова избрзување е се од причина, што, со пописот изгласавме закон, а со тоа работевме против членот 35 од Уставот. И, сега, што се работи, сега се брза набрзина да добиеме, Уставен суд бидејќи стариот Уставен суд беше многу попринципелен, многу постручен и ќе го анулираше пописот. Но, сега што направивме, сега ќе имаме нов Уставен суд, кој нема да го анулира или ќе го одолговлечува и после пописот може да го анулира. Затоа нема да гласам за овој нов Уставен суд.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, мислам дека после олку обемни дискусии, а навистина се работи за еден орган кој што треба да ја штити уставноста и законитоста, па според тоа неспорно е дека ваква расправа требаше да следува. Меѓутоа, она што мене ме загрижува во овој момент е тоа дека навистина немаме еден критичен однос при изборот на судии во ваков еден орган, се разбира со чесни исклучоци на некои кандидати кои лично ги познавам и за нив би гласал секако за. Меѓутоа, каков е нашиот однос и колку е нашиот позитивен

став да се избираат кандидати кои што досега работеле како референти за да станат високопрофесионалци кои што треба да ја штитат уставноста и законитоста на Република Македонија е точно правиот однос на нас како пратеници. Оттука сметам дека за изборот на судии на Уставниот суд на Република Македонија навистина требаше една поширока елаборација на ова прашање, поширока дискусија навистина за да дојде до израз не политичката лиценца на одредени судии туку да дојде до израз професионалната лиценца.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Не сум компетентен да кажувам за квалитетите на судиите, бидејќи доволно јас не ги познавам, лично, колку се стручни и квалитетни можат да кажат тие што ги познаваат. Само јас ќе речам нешто што постојат опасностите од ова што произлегуваат, односно зошто е мојата загриженост, со изборот на овие судии.

**БОРКО ЃОРЧЕСКИ**:(продолжение)

Пред неколку дена на истата оваа 75-та седница спомнав убаво, она што му се прави на македонскиот народ и опасноста од тоа што ќе произлезе. Ова не е избор само на судии по квалитет, туку ова е една политичка трговија што навистина му носи штета само на македонскиот народ. Зошто велам политичка трговија. Пред неколку дена кога требаше да се гласа за Законот за попис нели овде се изглас без нас, попидот да се врши на 6 јазици. Сега како бумеранг ни се враќа ова, односно му се враќа на овој македонски народ што мораме да им попуштиме и на националностите да имаат толку неуставни права, односно да добијат за да гласаат за се понатаму што треба да се изгласа за оваа коалиција. Тука доаѓаат опасностите за македонскиот народ и за македонската држава. Утре можеби ќе се случи, односно и во текот на денешнава седница избор на директор на МТВ. Сето тоа за да гласаа ПДП и НДП пак ќе мора уште нешто да им се попушти, се така попуштање со попуштање се уништува само македонскиот народ и македонската држава. Јас тука ги гледам опасностите, а не само со изборот на овие судии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Пратеникот Јордан Бошков се јави за збор.

(реакција од страна на пратениците)

Ве молам, сигурно е моја вина, не сум го видел.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

А замислете си да не сме пак со имунитет. Секоја чест господа од градот Штип.

(му се обраќа на пратеникот Панче Насев)

VIII/2.-

Само што ми е многу непријатно во ваше присуство да дадам моја дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

должен сум да му овозможам на г-динот Бошков да зборува.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас имав сериозна намера да кажам мое видување, но во оваков амбиент сосема е излишно. Вам нема да ви се обратам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Минуваме на гласање.

Согласно член 109 став 2 од Уставот на Република Македонија Собранието ги избира судиите на Уставниот суд на РМ со мнозинство гласање од вкупниот број пратеници. Пред да минема на гласање Ве молам секој пратеник, таков е Деловникот има право да објасни како ќе гласа. Ова е многу важен настан. Бираме судии на Уставниот суд. Секој потег треба да си биде во склад со Деловникот, во склад со законите, со Уставот итн. Ова го кажувам заради тоа што г-динот Стојановски побара збор. Тој има право на збор да се изјасни како ќе гласа и зошто така ќе гласа. Има право да зборува 5 минути.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас немам намера да некој од кандидатите ги оспорувам, или не, или да им давам епитет на тоа дали знаат да читаат, или не знаат. Фала богу ако дојде некој кандидат пред ова Собрание па да не знае да чита. Сакам да кажам друго. Кога се избираа луѓе на функција за контрола на уставност и законитост, ако друго не барем основна култура што треба да се постигне во Собранието е да имаме согласност околу тоа дека ќе избираме кандидати. Како што стојат

работите баш тука и се разидуваме. Господа, јас сакам да укажам на една работа. Ова Собрание треба да избере судии на Уставен суд чиј мандат ќе трае 9 години. Јас не сакам да избереме судии кои ќе извршуваат функција на судија во Уставниот суд, или порано таканаречени в.д извршители. Во овој случај кога ова го велам ако се избираат судии во сегашниот момент, а немаат поддршка и од опозицијата сите кандидати и не мора така да биде, воглавно да биде мнозинството од кои ќе имаат поддршка, тогаш навистина станува за еднокоалициони или еднопартиски судии. Ако е ова така, пред изборите се поставува прашање дали ќе треба да изберете вршители на должност на судии, или ќе треба да избереме судии со мандат од 9 години. Ако овие луѓе сега примаат да извршуваат функции на една коалиција, дали ќе можат да ј; вршат функцијата во поинаков состав на Парламентот, дали ќе можат да ја вршат функцијата ако не бидат поддржани од опозицијата, дали ќе можат да опстанат на функција ако треба да ги поддржуваат партии кои се сега во позиција, тогаш бидат во опозиција. Па изборот на 9 години, само раѓањето е до смрт, а изборот се менува со промена на се. Да ви е јасно господа, немој некој да се брза и да мисли дека ја завршил работата. Позицијата оди за сите овде што седите како пратеници ве направи директори и тие се в.д. вршители на должности. И немојте она што си го чините за добро на себе да го направите за зло на друг. Тоа е најлошата варијанта. Личниот пример е тежок пример за друг. Јас дали ќе кажам како ќе гласам, има и уметност да разберете што кажувам, дека не треба да се гласа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немате право други да повикувате ниту на што, туку само да кажете како ќе гласате и да објасните зошто.

VII/4.-

**ТОМСИЛАВ СТОЈАНВОСКИ:**

Г-дине претседателе, дојде момент еднаш и на Вас да ви се обратам вие повеќе да не држите предавања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, г-дине Стојановски вие добивте збор да кажете како ќе гласате, а не со мене да се објаснувате. Го немате тоа право.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па не да се објаснувам со вас. Вие ќе ја водите седницата, а не да вршите коментар кој што кажал од нас пратениците. Ние двајца како пратеници имаме иста функција, а вие како претседател да ја водите седницата, а не да вршите коментар што јас мислам и што ќе кажам.

Господа, јас не сакам да гласам за вршители на должност, сакам да гласам за судии на Уставен суд на РМ со мандат од 9 години. Овие кои се бираат пред непосредни избори да знаете дека се бираат за одредена цел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сега да ви објаснам. По членот на Деловникот по кој се бара збор за да се објасни како ќе гласа пратеникот тоа е негово лично право. Тој нема право да се обраќа кон другите, да ги повикува како да гласаат, што да прават, да одложат, не знам што, туку, само да каже како ќе гласа и да каже зошто така ќе гласа. Како претседател тоа ми е задачата јас токму тоа да го обезбедам.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Петте минути се суверени за оној кој е тука пратеник, но со деловничка одлука може и нив да ги нема. Јас овој предлог не може да го поддржам не само што не можам да гласам за предлогот, туку ниту

против, па дури ни воздржан не ми оди никако. Се чинам дека нема да бидам ни во салата. Овака нашата државност трпи заради вашата мнозинска волја. Во Историјата дами и господа се познати сечи на кнезови, сечи на уставни судии се невидени,барем колку мене ми е познато. Ако сакаме малку да се присетиме, континуитет сите бараме и од АСНОМ наваму и пред тоа, само и првата Влада, експертската Влада во својот состав имаше лица поединци кои членуваа во претходната, а исто така и ова што сега е коалициона влада има поединци кои се во неа и од експертската. Така да во Уставниот суд е многу лош симптом што се се менува од корен, а да се членува во Уставен суд е големо достоинство на секој поединец. Имавме можности да видиме како тоа во некои други држава се постигнува. Кај нас еве, со моќта на сплотени прста. Само да ви појаснам дека на нашата средба со претставниците 'на "мисијата на ЌЕБС падна таква оценка, ваквите функции нужно треба да бидат поддржани од најшироките маси на населението. Ова одење на ништење, на нож, на поинаквите гледишта кои не се од мнозинството не можат да гарантираат дека овие институти, институции ќе бидат пополнети со лица поддржани од широките популациони маси. И затоа, заради една процедура која за мене во многу нешта е нерегуларна јас не можам да гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, навистина се наоѓам во едно двоумење при една ваква важна одлука на кој начин да гласам за избор на судии во Уставниот суд на РМ. Неоспорувајќи ги оние двајца и двајца што ги предлага претседателот на Републиката како институција пред се претседателот, затоа што свесни сме и претседателот на Собранието

го кажа тоа дека тој претседател е претседател на сите граѓани на РМ и тоа го почитувам без разлика на политичките разлики помеѓу мене и него. Тоа е децидно и јасно. Меѓутоа, не можам да си дозволам да гласам за политички претставници, буквално ќе се изразам за политички претставници во еден таков висок орган како што е Уставниот суд. Јас му благодарам на еден пратеник од коалицијата кој призна дека околу овие 5 кандидати имало договарања во коалицијата кои личности да бидат, која партија колку ќе даде итн. Јас сум му благодарен што на некој начин ми помогна да се определам пред се велам, затоа што гласаме за сите 9, меѓутоа заради овие 5 не би можел да го дадам својот глас. Зошто? Затоа што тие 5 ќе претставуваат само една трансмисија во однос на извршната власт. Таква една трансмисија претставници на политички партии во Уставниот суд е опасност по демократијата во Република Македонија. И г-динот Бошков спомна и јас во првото свое излагање спомнав, вие на некој начин институциите кои не следат внимателно, не се радувајте дека некој ќе ви каже: средствата за информирање во оваа држава се независни, или Парламентот ви е добар, имате демократија. Ве лажат, да ви кажам тоа е чиста куртуазија, не лажеме, туку чиста куртуазија на тие луѓе. Меѓутоа, сите тие држави си имаат специјално испратени овде луѓе кои ја дознаваат вистинската состојба во оваа држава. И немојте да мислите дека за Македонија не се знаело каде напреднала демократијата во оваа држава. Ако вие при една ваква одлука сте незаинтересирани и мислите дека на тој начин и на следните избори ќе победите, ве уверувам дека многу лошо мислите. И мислите лошо на оваа држава. Очигледно е дека овде беше спомнато, претходниот Уставен суд, членовите на претходниот Уставен суд се членови на една партија, биле комунисти. Јас да ви кажам господа, тие луѓе за мене донесоа подобри одлуки отколку што ќе донесе овој Уставен суд. И целата мисла ми е дека ова избрзување е во однос на

членот 35 од Законот за попис на населението, затоа што тој член,за оценка на тој член, за уставноста на тој член е дадена една претставка до Уставниот суд и вие како коалиција избрзувате да ги смените тие луѓе од таму, нарекувајќи ги "тие се комунисти". Меѓутоа, ќе спомнам тие луѓе многу повеќе допринесоа за оваа држава, затоа што над 70 закони и прописи прогласија дека не се уставни, односно откажувајќи се вие пред се кои сте наследници на СКМ, СКМ-ПДП, сега сте СДС и другите ќерки таму во партијата, вие се откажувате само од луѓето кои припаѓаат таму. Меѓутоа, за мене Владата. на Глигорие Гоговски иако сите ја напаѓаа, сите средства за информирање беше каде, каде по патриотски расположена кон Македонското прашање, патриоти македонски беа вистински отколку вие сега што учествувате во оваа коалициона влада. Вие сте непатриотски расположени г-да, и затоа ќе гласам, ќе видам како ќе гласам, ќе објаснам.

IX/1 рд/вц

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, Од две три причини не би го поддржал овој предлог. Прво, зошто се гласа во пакет мерки, зошто не да се изјасниме за секој поединец кој какви квалитети има и каква стручна способност, дали одговара за уставен судија или не. Второ, прерано да не ја носите одлуката за овој Уставен суд, затоа што не знам дали ви дојде мислењето од ЌЕБС и од Европската заедница, бидејќи се вие што ќе правите овде правите, ако е Европа ни рече така, заедницата ни рече така. Сега и ова ако е дојдено, тогаш можете да го спроведете така. Ако Европската заедница ви одобри да го менувате Уставниот суд и да изберете нов Уставен суд. Во листата на два кандидати ми се чини дека тие се некаде над 60 години, а ги бираме за девет години, а по Законот за пензиско и инвалидско осигурување, како се бираат тие, дали не треба да си одат во пензија, дали не треба да се отстапи место на младите кадри. Велиме младите и младите, а излегува старите и старите ги носиме. Зошто сега се прави ваква измена јасна е работата. Затоа што мораме да донесеме луѓе кои ќе ја бранат незаконитата работа на Владата и на овој Парламент што донесува фалшливи закони и за тоа што од тоа се гледа од тоа што неколку закони и одлуки се поништени и не се почитуваат и Владата си работи по тој основ. И затоа сега треба да се донесат луѓе кои ќе го бранат тоа и да се може да се просперира понатаму. На пример како што реков со поништените одлуки, за потпретседателите, веднаш Владата измисли друго без да бара Собранието да ја донесе одлуката се формираат други министерства. Едноставно преку печатот дознавме дека во македонската влада имало министер координатор. А кој го избра тој министер координатор, кој го назначил тој министер координатор не

е јасно. Затоа, треба промена на овој Уставен суд за да може да ги поништи поднесените пријави за извршените криминали, а кој се знае за кој и колку се поднесени и затоа мнозина овдека го бранат таквото донесување на овој Уставен суд. Од каде оваа сегашна коалиција бира Уставен суд за два три мандати на едно Собрание на Република Македонија. Тоа значи дека му се чини дека сега сме ние ќе ги именуваме и овие ќе си останат 9 години. Па како што можевте вие овие да ги измените, ако дојде утре до промена на власта, појака опозиција што мислите вие тие закони не можат со измена и дополна да се сменат. Ќе видиме дали не ќе може, само ако поможи. Бидејќи некогаш и врзаниот рт фаќа зајак. Затоа, барав и покрај овие да се гласа и да се каже за кој кандидат што има завршено, каде работел,во која партија припаѓа и како што велите овдека партиски неопределен сите се лажите ди сите се лажеме, штом тој гласал, дал глас, се определил за една политичка партија зошто се лажеме ние дека тој е партиски неопределен. Ако најдете таков да го донесете вие овдека, јас ќе го наградам него.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, минуваме на гласање.

Предлогот д-р Тодор Џунов да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (17)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека д-р Тодор Џунов е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот д-р Никола Крлески да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласаwе.

Кој е за молам да крене рака? (63)

Кој е против? (2)

Кој се воздржува од гласаwе? (3)

Констатирам дека д-р Никола Крлески е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот д-р Милан Нетков да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека д-р Милан Нетков е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот д-р Јован Проевски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали е некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање ? (2)

Констатирам дека д-р Јован Проевски е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот д-р Стојмир Михајловски да биде избран за судија на Уставниот суд на Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека д-р Стојмир Михајловски е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

IX/4

Предлогот Олга Лазова да биде избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Има ли некој против (1)

Има ли воздржани (1)

Констатирам дека Олга Лазова е избрана за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот д-р Јосиф Талевски да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање (1)

Констатирам дека д-р Јосиф Талевски е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот Бесим Селими да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?(63

Дали има некој против (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Бесим Селими е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Предлогот Бахри Ислами да биде избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија го става на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Бахри Ислами е избран за судија на Уставниот суд на Република Македонија.

Констатирам дека за судии на Уставниот суд на Република Македонија се избрани: д-р Тодор Џунов, д-р Никола Крлески, д-р Милан Нетков, д-р Јован Проевски, д-р Стојмир Михајловски, Олга Лазова, д-р Јосиф Талевски, Бесим Селим и Бахри Исљами.

Согласно член 16 став 2 на Уставот од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија дека со денот на избира на судиите на Уставниот суд на Македонија на постојните судии им престанува функцијата судии на Уставниот суд. На новоизбраните судии на*Уставниот суд на Македонија им го честитам изборот и им пожелувам успешна работа. (аплауз)

Само потсетувам дека на избраните судии на Уставниот суд им престануваат сите други функции и сите политички ангажмани и само се уставни судии.

Преминуваме на **5-тата точка** од дневниот ред. Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас мислам дека е добро пред да преминеме на точката заедно со честитки за изборот на постојниот Уставен суд, Собранието да се заблагодари во еден многу интересен и важен период за Република Македонија, а во транзицијата овој Уставен суд ја вршеше многу доследно својата работа и мислам дека Собранието треба на постојниот состав кој сега заминува од должност да му се заблагодари за работата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Поповски, навистина тоа е пропуст во сценариото што ја следам седницата, се разбира и мој личен пропуст, на луѓето се извинувам тие луѓе навистина во еден исклучително тежок период, со едно навистина голем самопрегор, со големо стручно знаење и голема работа и стручна спремност ја вршеа оваа функција и на тој

начин себе се вградија во создавање и изградувањето на сите институции на нашата нова држава. Еве помогнат од господинот Поповски да му се заблагодариме а и да им честитаме за успешното работење. (аплауз)

Минуваме на **5-тата точка** -

Предлагам и по оваа точка пратеник да говори само еднаш и тоа во траење од десет минути, а координаторите до 15 минути.

Кој е за овој предлог молам да крене рака? (58)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Би сакал да знам дали одлука се донесува со број на гласови под 60% од вкупниот број на пратеници. Според нашите искуства и нашата практика во Собранието оние пратеници кои се во салата а не гласале ниту за ниту против ниту воздржано не се бројат во присутни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За кое гласање вие зборувате?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

За било кое.

Еве сега велите со 58 гласа за, ниеден глас против и ниеден воздржан е донесена одлуката за настапот да биде на 7 или на колку минути. Мене ме интересира дали е тоа валидно, бидејќи пред некој ден поради интересот пројавен од европски фактори, кога го донесувавме законот за попис се инсистираше на било кое гласање да има над 60 гласови изјаснети. Присетете се, паметењето не може да биде толку кратко. Затоа сакам да знам кое толкување е валидно, а не упорно само со маски да настапуваме. Сакам точно да се прецизира оние кои

учествувале во гласаше тие ли се бројат за присутни, или сите тука што се.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам сите се присутни овде кој сака да биде отсутен треба да истапи од овде, да си оди надвор кој не е тука. , а сите што се тука треба да гласаат. Затоа се тука и да гласаат.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Така би било нормалното толкување, а како тогаш ние при извесни промени велиме дека оној што не гласа никако, тој не е тука.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, затоа минавме на поединечно гласање и секој си гласаше. Само мислам дека сега е донесена одлука и не е потребно да минуваме на поединечно гласање.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Сакам да укажам на правилото од деловничко интервенирање на господинот Бошков, од проста причина што ако се почитува Деловникот во случај кога ќе се констатира дека за одреден предлог гласале помалку за, против, воздржан од 60 присутни пратеници, во тој случај претседателот е должен да изврши гласање по список. Тоа е деловничкото решение и во случајот се смета ако не го применил претседателот на Собранието дека одлука за ограничување на дискусијата на секој пратеник не е ни донесена. Друго толкување за мене ќе биде произволно. Јас така го читам деловникот и затоа му давам полна поддршка на господинот Бошков дека е апсолутно во право што го изнесе својот предлог.

Понатаму, бидејќи веќе е 18 часот, а бидејќи ние чувствуваме како пратеничка група дека прашањето за избор на генерален директор на МРТ има и те како големо значење не само заради тоа што сега сме изборна година за новиот Парламент и дека од изборот на кандидатот

за генерален директор многу нешта ќе можат да се насочуваат на штета на едни или на други, оттука оценивме дека стои потребата од консултации во пратеничката група и оттука барам пауза а во смисол дека да не го ограничувам времетраењето на паузата, предлагам седницата да продолжи утре во 10 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имам едно укажување. Пратениците да не се мачат да го толкуваат деловникот. По Уставот претседателот на Собранието го толкува деловникот, не, го применува. Никој не го толкува, а најмалку има право пратеник да дојде и да го толкува деловникот. Ако пратеник има деловничка забелешка ќе ја стави овде, а претседателот ќе објасни, ако не е задоволен пратеникот ќе се изјасни Собранието, ја прифаќа и забелешката или објаснувањето на претседателот. И толку: За тие работи нема расправа, ве молам. Тоа е прво прашање.

Второ прашање е што господинот Стефковски во име на пратеничката група, се надевам побара сега да прекинеме утре во 10 да продолжиме. Јас ве молам, ние сме расположени да работиме и да ја завршиме работата. Но постојано на такви барања сме излегувале во пресрет. Нема смисла за вака тешко важно прашање кое е утре на дневен ред, или денес сега на дневен ред опозицијата да има приговор како не сме и дале пауза. Ќе продолжиме утре во 10 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот).